„АЛО - ПЕНЗИОНЕРСКИ ПРАШАЊА“
СЕКОЈ ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК ОД 10 ДО 12 ЧАСОТ
02/3213 227

ЕМИСИЈАТА „ТРЕТА ДОБА“ СЕ ЕМИТУВА СЕКОЈА САБОТА ВО 13.20 ЧАСОТ НА МТВ 1
ЕКИПАТА МЕСЕЧНО ПОДГОТВУВА 2 ПРЕМИЕРНИ ИЗДАНИЈА, А ПО ЕМИТУВАЊЕТО НА ПРЕМИЕРАТА, СЛЕДНАТА САБОТА ВО ИСТИОТ ТЕРМИН СЕ ЕМИТУВА РЕПРИЗНОТО ИЗДАНИЕ
ЕМИСИИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНО СЕ РЕПРИЗИРААТ ВО ДРУГИ ТЕРМИНИ, НА МТВ 1 И НА САТЕЛИТСКАТА ПРОГРАМА

СЗПМ
БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИ И ЗА ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ

# ПЕНЗИОНЕР плус

25 август 2023 година
број 181

Година XVI Излегува еднаш месечно
www.szpm.org.mk e-mail: vesnik@szpm.org.mk СЗПМ тел. 02 3223 710
ISSN 1857-7660

NLB Banka

**ЧЕСТИТ 8-ми СЕПТЕМВРИ - ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА и 20-ти СЕПТЕМВРИ - ДЕНОТ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**
СЗПМ

**Интервју со Претседателката на СЗПМ, Станка Трајкова, за весникот „Нова Македонија“**

## Уште пред протестите, СЗПМ подготви предлози за минималната пензија



Последното незадоволство и протестите на пензионерите, кои бараат поголем износ на минималната пензија и линеарно зголемување на пензиите за сите корисници на пензија, беа повод за разговор со претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, Станка Трајкова. Во интервјуто за „Нова Македонија“ таа дава одговори и се осврнува на низа актуелни прашања за тоа кои се карактеристиките на пензиските системи во светот и кај нас, кое е клучно влијание на висината на пензијата, зошто кај нас има голем број корисници со ниски пензии и како да се подобри тоа, но и каков е ставот на СЗПМ за протестите

➡ стр. 3

## Во интерес на вистината

На 11 и 14 август 2023 година се одржаа протести од страна на пензионери пред седиштето на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. Присутните пензионери кои протестираа пред Сојузот не побараа да ги прими Претседателката на Сојузот, ниту доставија писмени барања во архивата на Сојузот. Барањата во писмена форма ги достави претставник на тие што протестираа на 17 август 2023 година. Тврдењата по медиуми дека не биле примени ниту претставници, ниту барањата се неточни и невистинити


ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР
НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА
Р.МАКЕДОНИЈА

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА СЗПМ - СКОПЈЕ
Примено: 17.8.2023
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
03-02/405

БАРАЊЕ , ДОСТАВУВА.-

ДО СОЈУЗ НА ПЕНЗИОНЕРСКИ ЗДРТУЖЕНИЈА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ

ВРЗ ОСНОВА НА УКАЖАНАТА ПОТРЕБА ЗА ПОМОШ НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ЗА ДОСТОИНСТВЕН ЖИВОТ ВИ ГО ДОСТАВУВАМЕ СЛЕДНОВО

БАРАЊЕ :

1.- Владата мора да го почитува Законот за усогласување објавен од државниот завод за статистика од месец ноември 2021 година, но и покрај спроведување на законот да даде плус и линеарно зголемување од 3 500 денари на основицата на пензија и

**Средба во МТСП со министерката за труд и социјална политика, Јованка Тренчевска и претставници на СЗПМ**

## Одржливите и системски решенија не се носат за еден ден



На средбата од страна на присутните беше заклучено формирање на работна група која ќе биде составена од претставници од Министерството за труд и социјална политика, претставници од Владата, од Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување

➡ стр. 2

## Доделена финансиска поддршка за пензионерско творештво во 2023

Сојузот на здруженија на пензионери секоја година доделува финансиска поддршка за творештво на своите членови. Оваа година финансиска поддршка добија 19 проекти на пензионери и здруженија

➡ стр. 8

**Терминот на емитување на емисијата „Трета доба“ се менува и не е постојан од програмски причини на МТВ**

**ВО ОВОЈ БРОЈ...**

АКТИВНОСТИ НА СЗПМ стр. 2
АКТИВНОСТИ НА ЗП стр. 4

ИНТЕРВЈУ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА КРУШЕВО стр. 5

ЛИЧНА КАРТА НА ЗП МАКЕДОНСКИ БРОД стр. 7
АКТУЕЛНОСТИ стр. 8

ИНТЕРВЈУ СО ЃОРЃИ АНДОВ стр. 9
КУЛТУРА стр. 10
МОЗАИК стр. 11
ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 12
ЗДРАВЈЕ стр. 13
ИНФО стр. 14
ЗАБАВА стр. 15
ПРАВО НА НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА КУПЕНИ ЛЕКОВИ стр. 16

**ЌЕ ИЗЛЕЗАТ**
21 септември
- Прилог за пензионери во „Коха“
29 септември
„Пензионер плус“

Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Banka

# Состаноци со претседатели на здруженија на пензионери одржани во врска со актуелните случувања во пензионерското организирање

На 11 и 14 август 2023 година во Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија се одржаа состаноци со претседатели на здруженија на пензионери – членки на СЗПМ. Претседателката Станка Трајкова во своето уводно излагање на тема актуелната ситуација со протестите на пензионерите нагласи дека најпрво Извршниот одбор одржа состанок на кој е донесено соопштение во кое се дадени надлежностите на Сојузот и здруженијата на пензионери.



– Сојузот и здруженијата на пензионери на Македонија ја извршуваа својата задача, според Статутот на Сојузот, заштитувајќи ги пензионерите, односно создавајќи услови за нивен пензионерски активизам, секако и заштита и унапредување на правата на пензионерското и инвалидското осигурување, – истакна Трајкова.



Сите присутни дискутираа на актуелната тема за пензионерските протести, и го истакнаа своето мислење.

На состаноците беа донесени следните:

**ЗАКЛУЧОЦИ**

1. Да се преземат мерки од страна на здруженијата на пензионери, протестите да не излезат од контрола, со афирмација и укажување во Вашите средини на мерките донесени од Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија;
2. Секој протест треба да биде пријавен во МВР од страна на тие што протестираат, со цел да се обезбеди сигурност на присутните, доколку не е пријавен, претседателот на ЗП да пријави во МВР;
3. Доколку има можност да се разговара со помала група на пензионери кои протестираат и со нив позитивно да се постапува и објасни дека усогласувањето на пензиите не е само 6% во оваа година, туку усогласувањето изнесува 8,4% од 1 март 2023 година и околу 6% со важност од 1 септември 2023 година, или вкупно тоа би изнесувало околу 15% што е во согласност со порастот на платите и трошоците на животот;
4. Да се соработува меѓу здруженијата на пензионерите заради меѓусебно да се информираат со цел да се има сознание како се одвиваат работите, поодделно во секое здружение и да се разменуваат позитивни искуства;
5. Претседателите може да побараат настап на медиумите за да се објасни каде се трошат парите од членарината која изнесува само 27,5 денари за ЗП и 2,5 денари за СЗПМ, а 140 денари се за посмртна помош кои се издвојуваат на посебна сметка. Не е точно мислењето на пензионерите што протестираат дека тие се трошат само за екскурзии и шетање на пензионерите, бидејќи пензионерите за екскурзиите си ги плаќаат трошоците за автобус и друго;
6. Сојузот има подготвено Предлози за подигање на висината на најниските пензии и во најскоро време ќе се разговара за истите со Министерството за труд и социјална политика за донесување на решение по институционален пат, во интерес на пензионерите;
7. На 15.08.2023 година, Сојузот и Министерството за труд и социјална политика ќе одржат работен состанок на кој ќе се започне со разгледување на предлозите и мислењата за прашањата на најнискиот износ на пензија;
8. Пензионерите се револтирани од зголемувањето на платите на функционерите за 78%. Според нив тоа го иницирало незадоволството кај пензионерите;
9. Сојузот предлага унапредување на формулата за усогласување на пензиите и тоа да се врши од 1 јануари и од 1 јули во тековната година;
10. Во Законот за пензиско и инвалидско осигурување да се создаде законски основ за дегресивно усогласување на пензиите во периоди кога значително ќе се зголемат трошоците на животот;
11. На крајот на годината да се создаде законски основ за еднократно давање на корисниците на пензија со ниски пензиски примања;
12. За време на одржувањето на состанокот од пензионерите што протестираа пред СЗПМ не беа доставени барања, и не беше побарано ниту прием кај претседателката на Сојузот.

Наводите дадени пред Министерството за труд и социјална политика дека претседателката не ги примила ниту барањата ниту нив, не се точни односно вистинити.

**Станка Трајкова, претседател на ИО на СЗПМ**

Средба во МТСП со министерката за труд и социјална политика, Јованка Тренчевска

# Одржливите и системски решенија не се носат за еден ден

Министерката за труд и социјална политика, Јованка Тренчевска на средбата со одборот на пензионери кои ги соопштија барањата во однос на пензиите, одржа состанок со Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. На состанокот беа присутни претседателката на Сојузот на пензионери, Станка Трајкова, потпретседателот на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку и секретарот на ИО на СЗПМ Менка Темелковска. Покрај нив присуствуваа и претседателите на здруженијата на пензионери од Прилеп, Штип и Охрид, Славко Трајкоски, Ристе Нетков и Ѓорѓи Трпчески.



На состанокот Тренчевска посочи дека во изминатиот период методологијата за пораст на пензиите и мерките за поддршка на пензионерите кои се дел од ранливата категорија на граѓани се донесени заедно со Сојузот на пензионери. Таа истакна дека работата на Министерството за труд и социјална политика со Сојузот во изминатиот период не беше во мирување туку напротив во континуитет се работи на решение за утврдување на износ на минимална пензија.

Претседателката на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, Станка Трајковска ги изнесе заклучоците од состаноците одржани со претседателите на здруженијата на пензионерите на Македонија.

На средбата од страна на присутните беше заклучено формирање на работна група која ќе биде составена од претставници од Министерството за труд и социјална политика, претставници од Владата и од Сојузот на пензионери и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување.

Работната група треба да предложи решенија кои ќе бидат одржливи во однос на утврдување на износот на минимална пензија, но и за други видови на пакети мерки за помош и поддршка на пензионерите. Работната група треба да работи на решенија кои ќе бидат одржливи, кои не ја нарушуваат стабилноста на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување и кои пред сè ги почитуваат потребите на пензионерите.

Министерката посочи дека во периодот којшто следи ќе се интензивираат средбите со пензионерите во сите градови во државата. Според неа тоа ќе биде можност за давање на предлози кои ќе бидат основ за креирање на решенија и предвидување на потребните законски измени за барањата да бидат реалност.

Тренчевска на крајот од средбата истакна дека Министерството ќе вети самоисполнување на решенија кои навистина ќе можат да се спроведат, затоа што според неа зборот даден кон граѓаните секогаш треба да биде целосно реализиран.

**К. С. А.**

5–та седница на Извршниот одбор на СЗПМ

# Донесени важни одлуки

Согласно со член 23 од Статутот на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, Извршниот одбор на Сојузот на 7.8.2023 година ја одржа петтата седница. Седницата ја раководеше претседателката на Сојузот Станка Трајкова.



Иако Сојузот како невладина организација нема законска обврска да изготвува Финансиски извештај за остварените приходи и извршените расходи во период од 1 јануари до 1 јуни во тековната година, сепак како и претходните години и оваа, беше изготвен и презентиран. Кусо излагање на седницата даде секретарот на Извршниот одбор, Менка Темелковска која меѓу другото рече:

– Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија во периодот јануари – јуни 2023 година, своите активности ги насочи за остварување на програмските цели утврдени со Програмата за работа на Сојузот за 2023 година, со Статутот и со другите акти на Сојузот.

Во периодот јануари – јуни 2023 година, за остварување на планираните активности, Сојузот ги оствари следните приходи и расходи и тоа:

1. ВКУПНИ ПРИХОДИ 4.716.150 денари
2. ВКУПНИ РАСХОДИ 4.171.577 денари

Вкупните приходи во периодот јануари – јуни 2023 година се остварени во износ од 4.716.150 денари и истите бележат раст од 1,9% во однос на остварените вкупни приходи во истиот период од 2022 година, а во споредба со планираните приходи во износ од 9.917.061 денари, извршувањето изнесува 47,6 %.

Во периодот јануари – јуни 2023 година, Сојузот со остварените вкупни приходи во износ од 4.716.150 денари ги изврши вкупните расходи во износ од 4.171.577 денари, кои бележат пад од 5,8% во споредба со извршените расходи во 2022 година.

Позитивниот финансиски резултат во работењето на Сојузот, укажува на фактот дека рационално се трошени средствата за остварување на целите и задачите, предвидени со Програмата за работа на Сојузот.



За извештајот и работењето на Сојузот претседателот на Надзорниот одбор Митре Стојаноски рече:

– Заклучокот на Надзорниот одбор за Финансискиот извештај за остварените приходи и расходи во периодот јануари – јуни 2023 година ја одразува реално финансиската состојба, ги содржи сите елементи кои содржат аналитичко презентирање на приходите и расходите и е забележливо рационално и економично располагање и користење на средствата.

По неговото излагање Финансискиот извештај едногласно беше прифатен од присутните членови на Извршниот одбор на Сојузот.

Инаку овој извештај е уште еден доказ дека работата на Сојузот е јавна и транспарентна.

Присутните беа информирани и за резултатите од доделување финансиска поддршка од страна на Сојузот на творци и здруженија за 2023 година. Оваа активност СЗПМ ја практикува повеќе години наназад. Резултатите ги елаборираше претседателот на комисијата проф. д-р Васил Тоциновски кој рече:

– Оваа година финансиска поддршка добија 19 од доставените 33 проекти, а за тоа доделени се вкупно 200 илјади денари. Поддржани се романи, стихозбирки монографии и друго. Радува фактот што луѓето од третата доба творат и со тоа го збогатуваат нашето културно–уметничко богатство.

На седницата беше поднесена Информација за реализација на втората рата од грантот „Рурален пензионер" во 2023 година, средства кои Сојузот ги доби од Европската Унија. Извештајот го образложи претседателката на СЗПМ Станка Трајкова:

– Првиот износ во вид на пакети со прехранбени и хигиенски производи беше поделен на 13 здруженија од активисти определени од здруженија на пензионери, на членови со ниски примања во рурални средини. По извештајот кој го достави Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија дека средствата се поделени успешно и според правилата одредени за таа намена, Сојузот ја доби и другата половина од средствата. Од втората половина поделени се пакети на 25 здруженија, или вкупно од сите добиени средства на 38 здруженија.

Пакетите беа поделени на пензионери со ниски примања во рурални средини, односно на пензионери на кои им е потребна помош за подобрување на секојдневниот живот. Ова позитивно и успешно искуство за користење на средства од ЕУ фондовите кое е надвор од пензискиот систем за корисниците на пензија ќе биде од голема корист во аплицирање во идни проекти во интерес на пензионерите.

Извештајот за одржаните Регионални спортски натпревари во осумте региони во 2023 година го образложи претседателот на Комисијата за спорт и рекреација при ИО на СЗПМ, Здравко Петковски кој меѓу другото рече:

– Регионални спортски натпревари во осумте региони во 2023 година завршија успешно. Со нив активно беа опфатени околу 25 000 пензионери. Републичките спортски натпревари на пензионери ќе се одржат на 17 септември 2023 година во Брвеница, Тетово. Со свои натпреварувачи успеаја да се квалификуваат 43 здруженија кои ќе настапат со 371 натпреварувач од кои 224 во машка и 147 во женска конкуренција. На Олимпијадата 2023 поканет е да биде покровител Претседателот на РС Македонија Стево Пендаровски.

Потоа беа донесени повеќе одлуки и тоа:

На Фестивалот на трета животна доба Сојузот и нашата земја да ја претставуваат ЗП Кочани и ЗП Виница, а делегацијата на СЗПМ да ја предводат Менка Темелковска, секретар на ИО на СЗПМ и Димитар Димитриевски, член на Комисијата за здравство на ИО на СЗПМ.

На оваа седница се додели финансиска поддршка на неколку мали здруженија и друго.

**К. С. Андонова**

# Уште пред протестите, СЗПМ подготви предлози за минималната пензија

**_Последното незадоволство и протестите на пензионерите, кои бараат поголем износ на минималната пензија и линеарно зголемување на пензиите за сите корисници на пензија, беа повод за разговор со претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, Станка Трајкова. Во интервјуто за „Нова Македонија“ таа дава одговори и се осврнува на низа актуелни прашања за тоа кои се карактеристиките на пензиските системи во светот и кај нас, кое е клучно влијание на висината на пензијата, зошто кај нас има голем број корисници со ниски пензии и како да се подобри тоа, но и каков е ставот на СЗПМ за протестите_**

**● На почетокот пред да Ве прашаме за протестите на пензионерите со ниски пензии, Ве молам кажете ни некои карактеристики за пензиските системи како значајна област во секоја држава?**



– Во светот постојат различни пензиски системи и тоа како универзални кои обезбедуваат пензии за сите граѓани без оглед дали плаќале или не придонес за пензиско и инвалидско осигурување, но најчести се пензиските системи кои се поврзани со придонес, односно обезбедување пензија само на оние лица кои плаќале придонес за пензиско и инвалидско осигурување. Тие системи обично се организираат на принцип на пресметана пензија по формула утврдена со закон за која постои гаранција од државата за нејзината исплата, како што е пензијата за пензионерите кои оствариле пензија во систем со еден столб. Таква е и пензијата на пензионерите што протестираат. Тие однапред знаеле колкава ќе биде нивната пензија бидејќи таа е определена од платата што ја оствариле во својот работен век и вложениот придонес изразен преку должината на пензискиот стаж.

Кога зборувам за пензиските системи да кажам и тоа дека главни карактеристики на еден пензиски систем се: целите, кој е вклучен, кој ги плаќа придонесите, избор, финансирање, кој ризикува, кој гарантира, видови на пензија, заменска стапка (процент за определување на пензијата од пензиската основа), платата која е вклучена, определување на висината на пензијата и индексирањето. Што се однесува до целите на пензискиот систем, несомнено е дека самата држава одлучува кои од нив ќе ги вгради во сопствениот пензиски систем како на пример обезбедување на ист стандард на живеење што го имале додека работеле. Важна е и околноста дали ќе имате и редистрибуција односно префрлување на приходите од една на друга целна група.

**● Зошто во македонскиот пензиски систем има голем број на корисници со ниски пензии?**

– Како што е познато, пензијата е индивидуално право, неотуѓиво и материјално и зависи од платата што осигуреникот ја остварувал во неговиот работен век, најрано од 1970 година. Важни елементи од кои зависи висината на пензијата е висината на платата и должината на пензискиот стаж.

Во нашата земја има околу 85 000 пензионери со ниски пензии. На прашањето „Зошто кај нас има волкав голем број на најниски пензии?“ јас би го дала следниот одговор:

**Прво**, постоењето на ниски пензии го генерира самиот пензиски систем и тоа заради следното: постоење на докуп на стаж, плаќање на придонес со дисконт, ниска основица за земјоделски осигуреници, низок износ на паричен надоместок за време поминато како пријавен осигуреник од Агенција за вработување, фиктивно пријавување да се оствари пензиски стаж до 15 години или престанок на плаќање на придонесот по навршени 15 години, овозможување на осигуреникот плаќање на придонес на најниска основица, а исплата на останатиот дел на плата на „црно“, бизнисмени, адвокати и други кои свесно не го плаќале придонесот како што треба и др. Во сите претходни случаи придонесот се плаќал на најниска основица и пензијата е определувана од најниска плата и минимум на пензиски стаж од 15 години.

**Второ**, за ниските пензии одговорен е и самиот осигуреник бидејќи тој знаел дека со плаќање на придонес на најниска основица и стаж од 15 години не може да очекува висок пензиски приход во третото доба.

**● Како е регулиран сега најнискиот износ на пензија?**

– Право на најнизок износ на пензија имаат пензионери на кои пензијата е помала од утврдениот најнизок износ на пензија, кој износ е утврден од просечната плата и должината на пензискиот стаж. На пример: Ако личната пензија на пензионерот пресметана според неговата плата и стаж изнесува 5.000 денари тогаш му се доплатува до најнискиот износ врз основа на принципите на взаемност и солидарност на другите осигуреници.

Најнизок износ остваруваат и пензионери кои пензија остварувале според меѓународен договор за социјално осигурување доколку странската и македонската пензија се помали од најнискиот износ на пензија.

**● Ве молам кажете ни каков е ставот на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија и Вашиот личен став во врска со протестите?**

**- Протестот е демократско право и се користи во практикување на демократија. Според мое мислење секој протест е значаен било да е во помал обем или во поголеми размери бидејќи од него можете да извлечете одредени заклучоци. Несомнено е дека протест е законско право меѓутоа важни елементи за протестирање се: кој протестира, времето и местото на протестирање, целта, начинот и многу е важно кој е организаторот на протестот.**

Деновиве пензионери од неколку општини излегоа на протести со барање за зголемување на минималната пензија и **линеарно** усогласување на сите пензии. **Значајна** околност во врска со протестите е дека тие не се организирани од Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија ниту од Здруженијата членки на Сојузот. Одговорно тврдам дека и Сојузот и Здруженијата се граѓански организации во кои се организирани пензионерите со цел да го остваруваат својот пензионерски активизам.

Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија како што впрочем реков, во континуитет ги следи и ниските пензии и сите прашања во врска со правата на пензионерите, и ги решава по институционален пат со давање на иницијативи, предлози и мислења до надлежните органи во државата.

Во услови на редовна исплата на пензиите и усогласување на пензиите со 8,4 % од први март 2023 година и очекувано **усогласување** од околу 6% од први септември, значи вкупното усогласување во 2023 година се очекува да изнесува околу 15%, но сепак има групи на незадоволни пензионери кои бараат поголемо усогласување на ниските пензии и линеарно зголемување на сите пензии.

**● Каков е ставот на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија во однос на износот на минималната пензија и линеарно** зголемување **за сите корисници на пензија?**

– По прашањето за минималната пензија, Сојузот работи уште пред протестите и за таа цел подготви Предлози за најнискиот износ на пензија и истите во најкраток рок ќе бидат разгледани заедно со Министерството за труд и социјална политика. Дадените предлози од страна на Сојузот се базираат на анализи и сметаме дека се одрживи и остварливи и нема да предизвикаат финансиска нестабилност на државниот пензиски фонд.

При изготвување на предлозите за минималната пензија се имаше предвид следното: најнискиот износ да се решава во рамките на пензискиот систем, а не со посебен закон, да се изврши рационализација на сегашните девет групи на најнизок износ кои по својата висина се разликуваат, како параметар за определување на најнискиот износ да се користи просечната плата, да се имаат предвид принципите и постулатите на пензискиот систем и најважно предложениот износ да биде реален и остварлив.

Во врска со линеарно усогласување се истакнува дека **линеарно усогласување нема ниту во земјите од нашето опкружување, ниту во пензиските системи на европските земји.**

**Меѓутоа, кога станува збор за корисниците со ниски пензии, многу се значајни мерките надвор од пензискиот систем. Имено, во изминатиот период Сојузот во соработка со Министерството за труд и социјална политика и други државни органи, презеде повеќе активности за подобрување на материјалната положба на пензионерите и тоа: покрај пензијата беше доделувана и соодветна парична помош, беше субвенционирана електричната енергија,** беа обезбедени пакети со прехранбени производи, имаше ослободување од плаќање на партиципација за болничко лекување за корисници на пензија чии примања изнесуваат до 14.500 денари и друго.

Од страна на Здруженија на пензионери, се обезбедуваат средства и за социјални и солидарни намени. Социјалните намени опфаќаат средства за: парична помош, социјални пакети или ваучери за набавка на одредени прехранбени производи, помош за здравствени потреби (набавка на лекови, бањско лекување, набавка на ортопедски помагала и др.) Помош со учество на средства за набавка на огрев, покривање на дел од штетите од елементарни незгоди и несреќи и друго.

**● Во рамките на грижата за пензионерите, што ќе биде преземено во иднина од страна на Сојузот и на здруженијата?**

– Ќе продолжиме и во иднина како Сојуз да даваме **иницијативи, предлози и барања врз база на нашите анализи и согледувања за сите прашања од интерес на пензионерите. Истите ќе бидат доставувани до Министерството за труд и социјална политика и други институции. Ќе користиме искуства и на Сојузи на здруженија на пензионери од опкружувањето и пошироко. Ќе покренуваме проекти за заштита на стандардот на пензионерите.**

**Здруженијата и понатаму ќе се грижат за своето членство.** Од средствата за солидарни намени Здруженијата ќе доделуваат како и до сега разни помошти со согласност со нивните програми, покрај другото и за колективен превоз во јавниот сообраќај, рекреативни патувања, чистење во домовите и домашно снабдување, билети за културни манифестации и друго.

За сите овие намени за членството кои најчесто се наменети за пензионери со ниски пензии, согласно со Одлуката за единствени критериуми во материјално–финансиско работење на Сојузот и Здруженија, Здруженијата имаат обврска да издвојуваат најмалку 25% од вкупните расходи во тековната година.

Грижата за пензионерите продолжува и понатаму со проактивна улога на претседателите и нивна поголема присутност по ограноците, каде се одвива реалниот пензионерски живот информирајќи се за нивните потреби и нивно решавање преку органите на здружението и на Сојузот.

**Редакција на „Нова Македонија“**

---

Анализа на Институтот за економски анализи „Фајнанс тинк“ во врска со барањата на пензионерите

## Моменталната состојба со пензиските финансии не дозволува зголемувања на пензиите

Моменталната состојба со пензиските финансии не дозволува зголемувања на пензиите надвор од предвиденото законско усогласување, кое е доволно за да го задржи животниот стандард на примателите во услови на растечки цени, порачуваат од „Фајнанс тинк“.

Нагласуваат дека за стабилноста на пензиските финансии и за добросостојбата на сегашните и идните генерации, вклучително и поради ризиците од дополнително подгревање на инфлацијата и инфлациските очекувања, од клучна важност е да продолжи патеката на стабилизација на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

– Во услови на зголемени трошоци за живот, од особена важност е животниот стандард на граѓаните да се задржи. Во сегментот на социјалната заштита, односно социјалните надоместоци и пензиите, клучно е нивното усогласување со порастот на трошоците на живот. Според следната табела, усогласувањата на пензиите со трошоците на живот, како и ад–хок зголемувањата на пензиите во претходните две децении, овозможија порастот на пензиите да го следи или да го надмине порастот на трошоците на живот, и оттука, во целост да го заштити животниот стандард на пензионерите, велат од „Фајнанс тинк“.

Зголемувањата на пензиите, особено зголемувањата надвор од предвиденото законско усогласување со порастот на трошоците на живот и просечната плата, како што посочуваат, е неопходно да се гледаат од призма на макро–стабилноста на пензиските финансии, односно дали Фондот за пензиско и инвалидско осигурување може стабилно и без ликвидносни проблеми да ги исплаќа преземените обврски кон пензионерите сега и во иднина.

Нагласуваат дека, според последните податоци на Државниот завод за статистика, пензионерите имаат стапка на сиромаштија од 7 отсто, што е значајно пониска од вкупната стапка на сиромаштија од 21,8 отсто, и уште пониска споредено со други општествени групи, како децата со 30,3 отсто, самохраните родители 41,6 и многудетните семејства 45,6 отсто. Лицата над 65 години кои живеат како самци, додаваат, имаат стапка на сиромаштија од само 4,1 отсто.



– Повремените зголемувања на пензиите надвор од законското усогласување, посебно кога тие беа големи и посебно во предизборни и изборни години, доведоа до значајно продлабочување на дефицитот на ФПИОСМ. Дефицитот на ФПИОСМ е делот кој Фондот не може да го покрие од изворни приходи – придонеси на плати, притоа што дополнување прави централниот буџет. На следниот графикон е прикажано дека уделот на буџетските во вкупните приходи на ФПИОСМ забележа драматичен раст кој достигна кулминација во 2017 година и изнесуваше 43,6 отсто. Тоа означува дека скоро половина од пензиските исплати се вршеа од општиот буџет на државата, односно се на товар на општото оданочување, што имплицира дека голем дел од расходите за пензии ги покриваат плаќачите на даноци од кои дел во иднина можеби и нема да бидат под капата на ФПИОСМ затоа што не се во осигуран работен однос, прецизираат од „Фајнанс тинк“.

Со реформата на пензискиот систем од 2019 година, која, како што велат, меѓу другото подразбираше и благо зголемување на стапката на пензиските придонеси во две последователни години, неодржливата патека на ФПИОСМ запре и уделот на буџетските во вкупните приходи почна да се намалува и моментално се движи околу една третина.

Од „Фајнанс тинк“ забележуваат дека интензивирањето на барањата од страна на разни општествени групи за пораст на примањата – плати, пензии и сл., е во еден дел водено од порастот на трошоците на живот, што е легитимно барање.

– Но, во друг значаен дел од поттикнувањето реторика дека платите може да порасне без зголемување на продуктивноста, и од одлуката на Уставниот суд, и последователниот молк од страна на Владата, со која се одмрзнаа зголемувањата на платите на избраните и именуваните лица, што доведе до нивен кумулативен раст од 78 отсто – вели Благица Петрески, извршна директорка на „Фајнанс тинк“. За последново, „Фајнанс тинк“ ја повикува Владата да изнајде итен и неодложен механизам за воспоставување на првобитната состојба и да отвори дијалог во рамки на кој ќе се дојде до прифатливо решение за разумен пораст на платите на функционерите, посочуваат од „Фајнанс тинк“.

ЗП Бутел

# Пријатна пензионерска спортско-рекреативна дружба



Пензионерите од ЗП Бутел продолжуваат со своите активности и дружење. Активни се на повеќе полиња, па и во фолклорните и спортските регионални натпревари. Учествуваа со три традиционални македонски народни песни кои се одржаа во ЗП Тетово на 22.5.2023 година, а со желба за успех и другарување, учествуваа и во регионалните спортски натпревари чиј домаќин беше ЗП Гази Баба.

Натпреварот се одржа на 10.6.2023 година во ОО Училиште „Наум Наумовски Борче" во Маџари. Учествуваа со 21 натпреварувач во различни дисциплини. Пензионерите и пензионерките со многу вложен труд околу подготовката постигнаа одлични резултати, и тоа:

- прво место слободно фрлање на кош со 9 коша,
- второ место по дисциплината играње шах мажи,
- второ место шутирање пенали на мали голчиња.

Како и на другите здруженија и поединци со освоени резултати, претседателката на ЗП Гази Баба – Стојна Тодоровска на претседателот Љупчо Димовски му врачи благодарница за долгогодишната соработка на здруженијата. Да ја забележиме и акцијата што ја спроведовме со Црвениот крст на Општина Чаир, кои и на тие високи температури дојдоа во здружението со цел да им помогнат на пензионерите и на секој поединечно да му измерат притисок и шеќерот во крвта, а беа дадени и совети за тоа како да се однесуваат на овие неколку температури. Одзивот од страна на нашите членови беше голем, тие без задоволни од спроведената акција, како и од посочените мерки на претпазливост за време на летните горештини.

Пензионерите од ЗП Бутел познати се и по многубројните еднодневни екскурзии посетувајќи многу цркви и манастири. Последен пат го посетивме манастирот во село Слепче, каде што не пречекаа манастирските сестри кои детално и со многу податоци ни раскажаа за неговото останување. Во придружба беше и најстариот пензионер од Општина Бутел – Бранко Коцевски кој е автор на повеќе книги, па одвои еден роман од своите дела и им го подари на сестрите од манастирот во знак и благодарност.

На задоволство на пензионерите здружението и понатаму ќе продолжи да организира дружења и посети од различни области и структури.

**Љубица Петрушевска**

ЗП Струга

# Незаборавна екскурзија

Околу шеесет пензионери од Здружението на пензионери на Струга, предводени од претседателот Милорад Трпоски и потпретседателот Минир Мамуди, во средината на јули, 16 јули 2023 година, направија еднодневна незаборавна викенд-екскурзија во посета на Маврово и Мавровскиот Регион.

Во саботата, по течението на реката Црн Дрим, покрај Глобочичкото и Дебарското Езеро се упатија кон националниот парк Маврово. ка Река продолжија низводно по реката Радика кон манастирот Свети Јован Бигорски, кој е на надморска височина од 740 метри, изграден на варовнички карпи и опкружен со густа шума во срцето на недопрената природа и спокој. Според многумина, манастирот Свети Јован Бигорски, е една од најубавите градби на македонското градителство. Во исто време, додека се воодушевувате на прекрасната глетка, вниманието ви го привлекува и жуборкањето на водите на Радика, кои течат под манастирот.



Животот во градот нуди многу можности и предизвици, но во исто време е и многу стресен. Неделата може да биде напорна, да ви ја одземе силата и да ве исцрпи, па вистински среќници се оние пензионери што знаат и умеат да си го организираат слободното време и викендот, да соберат позитивна енергија, онаму каде што зелената боја ве обзема и ве смирува. Викендов струшките пензионери организирано го посетија Маврово. Преубаво место за одмор и рекреација кое е гостопримливо во секое годишно време, а кога сонцето неуморно пече прекрасно е за летен одмор.

По пристигнувањето и посетата на женскиот манастирски комплекс во Рајчица, екскурзијантите продолжија кон Трница каде што со задоволство појадуваа специјален качамак со овчо кисело млеко. Патот го продолжија кон Мавровски Анови каде што погледот им го маѓепса езерото и сонцето кое се капеше во сино–зелената вода. Од вливот на Мавровска Река продолжија низводно по реката Радика...

Инаку името Маврово значи Црно Поле и било дадено на областа по голема битка во минатото. На местото на денешното езеро се наоѓала Мавровската Котлина низ која течела Мавровската Река. Со голема земјена брана на реката и бил затворен патот на Радика. Така, во 1953 година котлината започнала да се полни со вода и се создало вештачко Мавровско Езеро, кое се наоѓа на 1 200 надморска висина.

На брегот на Мавровското Езеро се наоѓаат неколку населби. Тоа се селата Леуново, Никифорово, Маврово. Маврово и Мавровското Езеро претставуваат дел Националниот парк „Маврово", најголем заштитен резерват на природата во Македонија.

– Ќе дојдеме повторно да го видиме она што не го видовме, – ни рече претседателот Трпоски, кој е голем познавач на овој прекрасен крај.

**С. Кукунешоски**

ЗП Куманово

# Во чест на 2-ри август

Пензионерите од ЗП Куманово го чествуваа 2–ри август, на Илинден, големиот македонски и државен празник, со посебно значење за историјата на македонскиот народ, кога се удрени темелите на македонската државност.

Во одбележувањето на Илинден делегација од Здружението на пензионери Куманово во состав од: Назим Емини – претседател на Собранието на Здружението на пензионери – Куманово и Зорица Лазаревска, Слободан Ковачевски и Боро Спасовски – членови на Извршниот одбор на Здружението на пензионери Куманово положи цвеќе пред спомен обележјето на АСНОМ во Меморијалниот центар – Пелинце, оддавајќи почит на илинденците, кои дадоа свој придонес за создавање на нашата држава 1944 година.

За значењето на овој празник и важен датум зборуваше Претседателот на државата Стево Пендаровски.

**Р. М.**



ЗП Валандово

# Отворен нов пензионерски клуб во Јосифово

Пензионерите од Јосифово, деновиве имаа посебна причина за славење. После 39 години пензионерско постоење како огранок на Здружението на пензионерите Валандово, 260 пензионери од ова населено место добија свој пензионерски клуб, свое катче за дружење, и користење на слободното време за рекреација, дружење и забава.



Пензионерскиот клуб во Јосифово беше отворен на 4 август 2023 година. После подолго преговарање со градоначалникот на Општина Валандово и претставници на здружението на пензионерите и делегати од огранокот од Јосифово, се постигна согласност на пензионерите да им бидат отстапени простории на поранешната детска градинка во Јосифово, сопственост на локалната самоуправа, и тоа на користење на неопределен рок.

Пензионерите, особено пензионерките со радост ја дочекаа оваа вест и повеќе денови работеа на приспособување на објектот за намената за која се доделува. Се поправија некои недостатоци, се заменија искршените санитарии, чешми и слично, се исчистија прозорците и вратите, ѕидовите и таваните се избелија.

Од страна на Извршниот одбор на Здружението се донесе одлука на огранокот да му се отстапи дел од мебелот, маси и столови. Клубот доби изглед на убаво опремен простор за пензионерите.

Отворањето беше проследено со мала свеченост, која ја отвори претседателот на огранокот Стојан Стојанов, кој ги поздрави присутните и им посака добредојде на гостите: градоначалникот на Општина Валандово Перо Костадинов и на претседателката на ЗП Валандово Горица Михајлова. Тој се заблагодари за постигнатиот договор и за отстапените простории.

Претседателката на Здружението, ги поздрави присутните истакнувајќи дека од Јосифово секогаш имало пензионери кои активно се вклучени во пензионерските активности, како во музичките дружења, спортските активности, патувањата, екскурзиите дружењата и друго. Посебно се активни пензионерките во активностите на активот на жените. Таа истакна дека сега кога го добија клубот, се надева дека пензионерите ќе можат да покажат поголеми резултати при спортските натпревари на регионалните, па и на републичките натпревари. Посебно истакна дека не е важно на животот да им се дадат години, туку на годините живот.

Градоначалникот Перо Костадинов ги поздрави присутните, истакнувајќи дека пензионерите се гордост на општината, дека треба да учиме од нив, посакувајќи им долг пензионерски живот, добро здравје и поголеми пензии.

Градоначалникот на клубот му подари телевизор, а ја имаше и честа и да го отвори Клубот.

**Г. Михајлова**

ЗП Тетово

# Клубот пријатно катче за дружење

Во рамките на Домот на пензионери Тетово, функционира и Клубот на пензионери. Овој простор е со површина од околу 120 квадратни метри и опремен е со потребниот инвентар. Клубот има и додатен дел, покриена летна тераса, која е околу 80 метри квадратни.



Во клубот секој ден (освен недела) престојуваат стотици пензионери од градот, но и од руралните средини кои сè уште немаат оформено клубови во своите огранoци. На средбите тие разговараат на различни теми, но главно на оние кои ги преокупираат луѓето од трета доба.

Меѓу оние кои речиси секојдневно ги среќаваме во просториите на Клубот, се пензионерите Генц Куриу и Божидар Николовски. На поставеното прашањето, што ги поттикнало толку често да го посетуваат овој клуб, ги добивме следниве одговори:

– Со моите пријатели со години поминуваме дел од денот во пензионерскиот клуб во Тетово. Клубот нуди солидни услови за меѓусебно дружење, разговор, играње на некои забавни игри, како што се игри со карти, табла, домино и слично, – вели Куриу. Според него, големиот простор, постојано проветрен, со доволно светлина, снабден со основна опрема, е пријатно катче за дружење.

– Како повеќегодишен пензионер, можам да кажам дека клубот претставува многу атрактивен простор за стари лица, каде меѓу другото има и можност да се напијат кафе, како и разни освежителни пијалаци, и тоа по пристапни цени за секој пензионер, – тврди Куриу.

И Божидар Николовски, често навраќа во клубот. Еве што вели тој:

– Во клубот на пензионери во Тетово се среќаваме со нашиот пријатели, со кои сме соработувале во времето кога бевме активно вработени, а денес сме пензионери. Со нив разговараме за различни теми, за минатите времиња, но и за теми кои сега се битни за нас. Мислам дека создавањето на овој простор од страна на раководството на Здружението на пензионери Тетово е една од најдобрите донесени одлуки, бидејќи е создадена многу погодна средина за меѓусебна комуникација на пензионерите. Освен убавите моменти кои ги поминуваме во овие простории, имаме можност да поразговараме и со раководните луѓе на Здружението, за различни прашања, вклучително и за културно–забавниот живот, спортските активности, за организирањето на екскурзии итн.

Треба да се нагласи дека во просториите на Клубот на пензионери од Тетово заради големината на просторот, се одржуваат и Седниците на Собранието на ЗП Тетово, кое брои 47 делегати од сите 22 месни огранoци. Исто така, овде се организираат состаноци и други собири поврзани со планираните активности на Здружението. Со други зборови Клубот на пензионери во ЗП Тетово е убав простор кој дава можности за користење на повеќе намени во интерес на пензионерите.

**М. Мурсели**

ЗП Крива Паланка

# Еднодневна екскурзија до манастирот „Прохор Пчински"

ЗП Крива Паланка организирана екскурзија за своите пензионери до манастирот „Прохор Пчински" Р Србија. Повод за екскурзијата е организирањето на големиот манастирски панаѓур во чест на празникот Иванден, кој воедно е и празник на манастирската црква. Екскурзијата е дела од програмските активности на здружението на пензионери и однапред е осмислена на задоволство на пензионерите.

Се тргна со два автобуса со стотина пензионери, а најпрво беше посетен меморијалниот центар „Пелинце" при што уживаа пензионерите во убавата природа што ја има меморијалниот центар.

Потоа се упатија кон манастир „Прохор Пчински" Р Србија. Најпрво беше посетена манастирската црква и запалија свеќа за своето здравје и за здравје на своите блиски. Некои од пензионерите за прв пат имаа можност да го видат местото каде е одржано првото заседание на АВНОЈ и каде се удрени темелите на македонската држава.

Пензионерите се дружеа со пензионери од Кратово и од Врање, Р Србија, каде што се разменуваа мислења и се стекнуваа нови пријателства.

Претседателот на ЗП Крива Паланка, Трајче Давидовски, оствари средба со заменикот претседател Станко Јовановиќ на здружението на пензионери од Врање Р Србија, при што се договорија за поголема соработка помеѓу двете здруженија. Претседателот Давидовски ја покани заменик–претседателката Јовановиќ да го посетат здружението на пензионери во Крива Паланка и тоа на ниво на претседатели на двете здруженија.

Манастирскиот комплекс пензионерите го напуштија исполнети со нова енергија и убава мисла која се гледаше од насмевката на нивните лица. Така овој ден им остана во долго сеќавање и прераскажување, кој за миг ги понесе во заборав од секојдневниот живот.

**Б. Стојчевска**

# Паметни градови

Август 2023 година. Се наоѓам на високо, на планина која ми овозможува да се чувствувам малку повисоко од останатиот свет, со желба да имам поширок поглед кон светот. Едно од минатите лета, кога бевме на одмор со децата, патувавме покрај плантажи маслинки. Имаше маслинови дрвја и покрај плажата на која одевме. Кога пак, одевме еднаш за Охрид, се погоди есенско време и по патот, цело време сретнувавме коли полни грозје. Прекрасната наша Македонија ме воодушевувала уште како дете со пченките, сончогледот, лубениците... Едно време ги гледав по патот и оризовите полиња. Како да почнав да се грижам за Македонија, за нејзиното земјоделско богатство. Почнав пред многу години да сонувам за село, за куќичка, за некаква печка на дрва, каде што со моето семејство ќе бидам некако скриена и заштитена од бурите на светот. Затоа внимавајте што сонувате, се остваруваат соништата!

Како дете, кога одев на курс по англиски сонував да имам некаков голем часовник, на кој би можела да гледам цртани, додека се возам во автобус. Тогаш уште немаше никакви мобилни телефони ни таблети. Сега можам да го остварам детскиот сон. Можам да гледам што сакам, секаде. Тоа е тој паметен телефон. Сега зборуваат за паметни градови. Научникот Терзин вели: почнаа на сè да ставаат назив паметен, што всушност не може да биде „паметен". Не може мртва материја да се нарече паметна.

Патем, паметни градови не сум сонувала, затоа имам некое мало право да се сомневам дека агендата ќе се изврши. На таа агенда на „smart city" нè наведуваат со акциските научнофантастичи филмови. Како да нè навикнуваат. Во нив гледаме некои коли што летаат или се лизгаат по чудни висечки извиени патишта. Човекот како да се вратил во варварство и паганизам, владеат некои култови, луѓето живеат во илузија, во градови под вода или во пустини, кои се напојувани со кислород и се затворени како во технолошка кошница.

Приказни, приказни, приказни... Како да знаат социјалните инженери дека човекот сака приказни или ги нарекуваат и митови. Живот на Марс, медицинско–технолошки рај... Човекот на повисоко ниво на еволуција. Дури и вонземјани. Оние што размислуваат со своја глава се непожелни, оти си го развиваат паметот. Тие тешко ќе функционираат во паметните градови, ако дозволиме да никнат!

**Маја Белева**

# Воспитание за посреќен живот

Без добро воспитание и едуцирана личност врз здрави интелектуални принципи не е можна здрава заедница. Успехот и добрината и топлината и убавината доаѓаат од нашата внатрешност. Тие доаѓаат со знаењето и со мудроста.

Ова е суштинската согледба и порака во новата објава на пензионираниот просветен работник, учебникар и педагог Бранко Коцески кој нашата педагошка мисла ја збогати со повеќе трудови („Карактеристики за знаење и разбирање во наставни содржини" заедно со Стојан Стојанов, и самостојно „Објаснување, знаење и разбирање, од сите аспекти", „Вистината и методите на разбирањето" и „Мудрите луѓе и мудроста низ развојниот пат на личноста"). Кон овие обемни и аналитички текстови, неуморниот публицист Коцески, неодамна ни го понуди новото дело „Воспитание на умот, формирање на карактерот, на креативноста ум и личноста".

За да ја напише оваа книга Коцески, како што на неодамнешната промоција нагласи и промоторот професор Темелко Ристески, авторот користел богата педагошка, психолошка и филозофска литература. Тоа, поткрепено со неговиот животен опит, му овозможило на читателите да им се претстави со повеќеслојни аспекти на личноста и на нејзиниот развој. Љубопитниот читател во оваа книга ќе открие како да се самоизградува, како да живее, како да ги воспитува своите деца и како позитивно да влијае на другите. Гордоста, себичноста, омразата, зависта и љубомората се коренот на злото, кое ќе го победиме кога разумот ќе се разбуди, а духот ќе биде способен да ја вреднува убавината на животот, преку внатрешната добрина и топлина. Читателот на ова дело ќе ја открие хуманата желба на авторот да им го покаже патот на луѓето кон подобар, посреќен, поедноставен и поубав живот и со тоа да им пружи повеќе радост и животна среќа. Во тој контекст Коцески нагласува: Успех значи да живеете удобно, смирено, среќно, радосно и задоволно, од она и со она што го имате, а во сто време, да се трудите да одите понатаму.

Во ова време на брз технолошки развој, во наметната трка по материјална добивка, кога недоволно се работи на откривање на судирот меѓу доброто и злото, овие едукативни размисли добиваат и во значење и во тежина.

**П. Миленкоски**

ЗП Прилеп

# Уште еден разгранок за прилепските пензионери

Деновиве членовите на Извршниот одбор на Здружението на пензионерите од Прилеп по барањето на пензионерите од населените места во близина на градот и разграноците што ги има во неговата околина се изјаснија позитивно и донесоа Одлука во населеното место Мало Коњари да се отвори разгранок. Така во овој новоотворен разгранок ќе можат да се собираат и разменуваат мислења, да даваат предлози по одредени прашања пензионерите од Мало и Големо Коњари, потоа од Галичани и од Кадино Село. Всушност овој разгранок ќе биде дваесетти во рамките на ЗП Прилеп. Разгранокот ќе биде опремен со потребните предмети за подобри услови на активности во просторијата каде што ќе можат да престојуваат по некое време пензионерите од овие населби околу градот.

На седницата членовите на Извршниот одбор донесоа уште една мошне интересна Одлука. Така покрај збратименото здружение од Битола, наскоро со носењето на одлуки на двете собранија Прилепското пензионерско здружение ќе биде збратимено со здружението на пензионери од соседниот град Кавадарци. Така во иднина побратимените здруженија ќе донесат и соодветни програми за реализирање на заеднички активности во повеќе области.

**К. Ристески**

Интервју со градоначалникот на Општина Крушево, Томе Христоски

# Соработката е добра, но очекувам уште поинтензивна соработка со пензионерите

Разговорот со градоначалникот на Општина Крушево е со два повода: тој со години соработува со крушевските пензионери и е присутен речиси на сите нивни активности и поважни манифестации, а втората е што градот Крушево беше домаќин на одбележувањето на 120–годишнината на Илинден, Илинденското востание и десетдневната Крушевска Република.



**● Почитуван градоначалник Христоски, Вие сте втор мандат избран за градоначалник на Крушево. Според Вас на што се должи тоа што крушевчани Ви ја даваат нивната доверба по вторпат?**

– Имавме многу предизвици, имавме проблеми и тие нема да запрат, но мислам дека покажавме конструктивност, на ниво на локална самоуправа, и така се справувавме со сите пречки кои се исправија пред нас. Единството кое го имаме како општина е споделувањето на одговорноста, која нè доведе до успешни четири години во минатиот и до новиот мандат. Тоа не е само заслуга на мене како градоначалник. Тука е советничката листа со која негуваме соработка, разбирање и меѓусебна поддршка. Тоа заедничко работење нè доведе до денешните успеси кои несомнено се големи. Над 6 милиони евра преку проекти влегоа во Крушево. Реконструиравме и изградивме над 50 километри патишта, го изградивме вечното почивалиште на Тоше, ги реконструиравме горната училишна зграда и спортската сала, ја опремивме ТППЕ Крушево, набавивме контејнери, возила и опрема за Комуна, поставивме нова вештачка трева, градиме објект на полетиштето, го уредуваме Крушевско Езеро, изградивме резервоари за вода во Белушино и Борино, работиме на Јакреново и Пресил, цевковод и пат во Саждево, пат до Јакреново, потоа Бучин – Воѓани, Крушево – Пуста Река и други.



**● Какво е чувството да се биде градоначалник на еден толку славен и богат со историја град, особено оваа година кога се одбележува 120-годишниот јубилеј од Илинденското востание?**

– Оваа година се одбележуваат 120 години од Илинденското востание, со што се дава посебно значење и внимание на овој живописен град, богат со историја, наследство, сегашност и иднина, правејќи го град на културата за сите домашни и странски посетители.

Големо е задоволството што историското Крушево, градот на македонскиот непокор, ризницата на македонската култура и традиција е домаќин на манифестацијата НКС Десет дена Крушевска Република. Можеме и умееме да се носиме со еден ваков предизвик и тука не застануваме!

**● Соработката на општината и на Вас лично со пензионерите и нивното здружение е на посакувано ниво, но какви се Вашите планови како градоначалник за подобрување на истата?**

– Во иднина очекувам соработката меѓу Општина Крушево и Здружението на пензионери не само да продолжи, туку и да се интензивира. Досега соработувавме во многу спортски и културни настани, а заеднички поддржавме неколку нивни иницијативи во Крушево. Колку што сум информиран комуникацијата со локалната самоуправа е постојано и како претседател на советот на Општина Крушево ќе иницирам таа да се интензивира и да се прошири на советот за да бидат опфатени дополнителни области каде што пензионерите можат да се пронајдат.

**● Во многу градови, па и во Крушево сè повеќе има пензионери кои живеат сами, бидејќи нивните деца се во странство. Што ќе преземе општината Крушево заедно со здружението на пензионери во врска со ова? Има ли шанса за изградба на старски дом или да се организира „Помош на стари луѓе во домашни услови" каква што има во некои градови во земјата?**

– Навистина е задоволство да се гледаат нашите повозрасни граѓани, нашите пензионери од Крушево како се постојано активни во најразлични активности, а предводени од самото здружение. Грижата за сите граѓани е приоритет од кој Општина Крушево не отстапува. Во следниот период ќе продолжиме со реализација на мерки и политики што го штитат животниот стандард на граѓаните вклучително и пензионерите. Заедно со здружението и со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија работиме на подобрување и олеснување на животот на стари и изнемоштени лица, ги поддржавме активностите на здружението како што беа регионалните спортски игри, а истото е постојано вклучено во туристичката промоција на Крушево. Општина Крушево има ангажирано 15 лица за општокорисна работа и 20 лица за помош на стари и изнемоштени лица во домот. Со вкупно ангажирани 35 лица во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Црвен крст работиме за опслужување претежно на стари и изнемоштени лица низ цела општина на кои им е потребна помош.

**● На крајот, што ќе им порачате на Вашите највозрасни жители?**

– Ќе работиме заедно во интерес на сите наши возрасни граѓани, за подобар и просперитетен живот, затоа што навистина се радувам на активноста на Здружението на пензионери Крушево. Задоволство е да се гледаат нашите повозрасни граѓани, нашите пензионери од Крушево, како се постојано активни во најразлични активности, а предводени од самото здружение. Секогаш ќе ги поддржуваме во граници на можностите, а тие треба да продолжат со своите активности и во иднина.

**Калина С. Андонова**
**Главен и одговорен уредник**
**на весникот „Пензионер плус"**

ЗП Тетово

# Огранокот „Тетекс" - секогаш во служба на пензионерите

Месниот огранок на пензионери „Тетекс" од ЗП Тетово е меѓу најголемите по број на пензионери во здружението. Се проценува дека овој огранок брои над 1 100 пензионери и во него се одвиваат голем број активности во текот на целата година, се разбира секогаш според обврските и задачите содржани во Статутот на Здружението.



Во разговорот што го имавме со претседателот на овој огранок, Реџеп Дергути, дознавме дека сите активности на пензионерите, во отсуство на соодветен клуб, се одвиваат во просториите на неговата семејна куќа. Дергути вели дека не претставува никаква пречка пензионерите да му се обраќаат за разни услуги и информации, напротив, задоволство и чест е да се опслужуваат старите лица, особено оние кои се соочуваат со проблеми од социјална природа.

Како што подвлекува Дергути, во огранокот „Тетекс" има многу пензионери кои примаат ниски пензии, и поради тоа тешко ги покриваат трошоците од секојдневниот живот. За таа цел се составуваат списоци со имињата на најзагрозените, кои се доставуваат до Здружението на пензионери, така што оттаму се земаат предвид нивните барања за време на доделување еднократна или каква било друга помош. Благодарение на оваа прецизна евиденција на пензионерите во огранокот „Тетекс", овозможено е секогаш кога ќе се дели парична или помош во друга форма, приоритет да имаат оние кои се наведени во приоритетната листа на огранокот.

– Така се случуваше и во изминатиот период, кога десетици пензионери користеа помош во вид на ваучери со вредност од 2.000 денари, за снабдување со храна и други производи во одредени трговски претпријатија. Исто така, при организирање на екскурзии со пензионери, каде што транспортните трошоци ги покрива Здружението, секогаш се настојувало учесници на ваквите екскурзии да бидат пензионери со ниски примања, – потенцира, Реџеп Дергути.

– Вакви акции за поддршка на пензионерите ќе продолжат и во иднина, со што се прават напори тие да бидат почести, – вели нашиот соговорник Реџеп Дергути. Тој признава дека без вистинска соработка со органите и телата на ЗП Тетово, би било невозможно да се реализираат проекти во корист на најранливите групи пензионери.

**М. Мурсели**

**ПЕНЗИОНЕР** плус

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година XVI – број 181
август 2023 година

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Станка Трајкова** (претседател)
м–р Илија Адамоски
Ментор Ќоку
Менка Темелковска
д–р Веле Алексоски
Славко Трајкоски
Спирко Николовски ОВР
Гидо Бојчевски
Славко Марковски

**Редакциски одбор:**
**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;
**Васил Пачемски**
уредник
**Членови:**
Баки Бакиу
Верица Тоциновска
Кирил Ристески
Јасмина Тодоровска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**

СЗПМ Бул. „Кочо Рацин"
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Печатница Серафимовски – Скопје

**Дистрибуција:** „Нова Македонија"

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.




НЛБ Сребрен пакет

Вашата пензија

секогаш навреме

**НЛБ Сребрен пакет**
- Visa Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

**Поволности**
- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
- **3% Cash back во Веро** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
- **Осигурителни поволности** за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје

NLB Banka

www.nlb.mk Контакт центар: 02 / 15-600



PROVEN PROBIOTICS

ZEGIN ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА

Cardiobiotic




една 30 КАПСУЛИ на ден



- Создаден специјално за одржување и зачувување на здравјето на срцето
- Содржи 10 милијарди соеви на Lactobacillus plantarm (CUL66) и Lactobacillus reuteri (NCIMB30242) корисни бактерии
- Содржи хидрокситирозол (од лист од маслинка)
- Витамин Б1 значаен за одржувањето на нормалната функција на срцето

# ЗП Македонски Брод - лична карта




**Здружение на пензионери Македонски Брод**

**Ул. „Маршал Тито“ бр. 10 - Македонски Брод**

**Тел. 045 275 238**



**Венко Ристески**

**претседател на ИО и на ЗП Македонски Брод**

Според евиденцијата при Здружението на пензионери Македонски Брод, првите членови на здружението евидентирани се во јануари 1952 година. Број на пензионери, членови на Здружението на пензионери Македонски Брод, во декември 1959 година изнесувал 54 членови. Денес здружението брои 1 400 членови, старосни, инвалидски и семејни пензионери. Здружението на пензионери Македонски Брод е самостојно, невладино, непартиско, непрофитно и мултиетничко здружение, доброволно здружено со останатите 52 здруженија во Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. Тоа со својство на правно лице, се залага за заштита и унапредување на заедничките цели и интереси на корисниците на пензија. Со свои активности соработува со СЗПМ, со здруженијата на пензионери од Југозападниот регион на РС Македонија, локалната самоуправа, со подрачните единици на ФЗОМ, Фондот за ПИОСМ, Црвениот крст, Меѓуопштинскиот центар за социјални работи и други институции. Во годините на постоење и активност, Здружението на пензионери Македонски Брод претставува активен чинител во заштита на правата и интересите на пензионерите на подрачјето на кое дејствува. Конституирано е и функционира според одредбите од законот за здруженија и фондации на Република Македонија, Статутот на СЗПМ и Статутот на Здружението.

Претседател на Здружението е Венко Ристески, кој воедно е и претседател на Собранието и Извршниот одбор. Негови претходни претседатели биле: Стојко Трајкоски, Тихомир Наумоски, Музафер Зекироски, Венче Станкоски, Милован – Мико Маркоски и Илија Лазески.

Пензионерите во Здружението на пензионери Македонски Брод се организирани во шест ограноци и тоа: Пласница со 294 членови, Долен Манастирец со 53, Модриште со 70, Самоков со 143 и два огранока во Македонски Брод Расадник со 551 и Кале со 269 пензионери.

Собранието е највисок орган на Здружението кое го сочинуваат 21 делегат непосредно избрани во органите и тоа: од месниот огранок од село Самоков 2 члена, од Модриште и Манастирец по 1 член, Пласница 6 и Расадник и Кале од Македонски Брод 11 членови. Собранието од своите редови го избира Извршниот одбор што го сочинуваат 9 членови, а Надзорниот одбор и Статутарната комисија по 3 членови. При изборот се води сметка за територијалната застапеност како и соодветна национална и полова структура. Изборот на членовите на органите непосредно се врши во ограноците.








Во рамките на Здружението дејствуваат и комисии од по 3 членови: Статутарна комисија; Комисија за културно–забавен живот; Комисија за спорт и рекреација; Комисија за здравство и социјални работи. Органите, комисиите и телата кои ги имаа донесуваат значајни заклучоци и одлуки од интерес на пензионерите. Покрај комисиите работи и Актив на пензионерки кои зедоа учество на неколку работилници организирани од Активот на пензионерки при СЗПМ и со успех се спроведени предвидените задачи.

Здружението работи според Статутот кој со измени и дополнувања е донесен во 2017 година. Има и своја програма по која ги спроведува и реализира дејностите.

Од активностите по програмата реализирани се следните: Здружението на пензионери Македонски Брод беше домаќин на 27 регионални спортски пензионерски натпревари во организација на СЗПМ, на здруженијата од четвртиот регион што се одржаа на 17 јуни 2023 година. Тоа учествуваше и на регионалните ревии на песни музика и игри и секогаш на јавните настапи ја потврдуваат определбата за негување изворна народна музика и фолклор и развивање на културните вредности. Организира и постојани прослави за дочек на Нова година, 8 Март, 20–ти септември, Денот на пензионерите и е присутно во општинските културни настани, како и во други активности.

Здружението се залага за домаќинско трошење на финансиските средства. Тие се користат за подобрување на животот на пензионерите од здружението, за заштита на старите и изнемоштени лица, како и да се помогне на пензионери со ниски пензии.

Секоја година доделува и еднократна парична помош, а корисници се над 100 пензионери. Годишно се организираат и повеќе екскурзии во земјата и странство, прошетки до културно–историски региони, културно–забавни настани и манифестации, разни етно–собирања и друго, со цел да се збогати содржината на активностите на пензионерите.





Членови на Здружението имаат учествувано во повеќе манифестации организирани од ЗСПМ и здруженија на пензионери од други општини, а од нив ќе ги спомeнеме: учество на Регионалната ревија на песни музика и игри во Гостивар, Кичево, Охрид и Струга од 2016 до 2023 година.

Со своја програма секогаш учествува во манифестацијата што се одржува во Македонски Брод позната како „Костенијада“. Оваа година пензионери и пензионерки учествуваа и во манифестацијата за фолклорни народни инструменти, песни и ора „Пеце Атанасовски“ која се одржува во село Долнени. Не изостанува и учеството на пензионерите и во спортските пензионерски натпревари на кои се постигаат врвни резултати како екипно така и поединечно со освојување на дипломи и признанија.




Здружението го реализира и Меморандумот за соработка меѓу СЗПМ со ПЗУ Клиничка болница „Жан Митрев“. На 29 јуни 2023 година во приватната здравствена установа „Д–р Спаско Ѓурчиновски“ од страна на лекарска екипа кардиолози беше организиран и извршен бесплатен интернистички и кардиоваскуларен преглед на 20 пензионери од Здружението.

ЗП Македонски Брод има свој клуб во кој се игра шах, билијард, и читална во која секојдневно има весници каде што пензионерите можат да го поминат своето време за забава и рекреација. Во иднина се планира да се формираат и библиотека, театарска група и пејачка хорска група.

Ќе спомeнеме и дека Здружението на пензионери Македонски Брод има добра соработка со СЗПМ, со градоначалникот и Советот на општината на Македонски Брод, со невладината организација Еколошкото друштво „Треска“, Движењето на екологисти на Македонија, спелеолошките здруженија од Скопје и други организации, институции и здруженија на пензионери од другите градови од Македонија.

**СЗПМ**

# Социјалната услуга за помош и нега во домот станува достапна и во Прилеп, Крушево, Долнени и Кривогаштани

На 120 постари лица и лица со намален функционален капацитет од Прилеп, Долнени и Кривогаштани, како и на 60 лица со попреченост, постари и изнемоштени лица кои живеат на територијата на Општина Крушево, им станува достапна социјална услуга за помош и нега во домот.

Министерката за труд и социјална политика, Јованка Тренчевска неодамна им ги додели дозволите за вршење дејност од социјална заштита на давателите кои треба да им ја овозможат социјалната услуга на корисниците во споменатите општини. Тоа се: општинската организација на Црвениот крст Крушево, која ќе ја нуди услугата за помош и нега во домот на корисниците во Крушево, како и Центарот за развој и едукација што ќе ја нуди оваа услуга на корисниците од Прилеп, Долнени и Кривогаштани.

Воедно, министерката Тренчевска ја искористи оваа прилика за да посети и корисници на новата услуга во нивните домови во селото Лажани, Општина Долнени и во селото Слевеј во Општина Кривогаштани, каде во непосреден разговор директно се запозна со потребите на овие лица кои не се во можност самостојно да се грижат за себе, како и да ги информира за придобивките од социјалната услуга што тие ќе почнат да ја добиваат.

„Луѓето и нивните потреби се она што нè водеше во процесот на конципирање и реализација на социјалната реформа, со чија реализација, помеѓу останатото, обезбедуваме квалитетни социјални услуги за оние на кои тие им се најпотребни, онаму каде што тие се чувствуваат најсигурно – во нивните домови. Сакаме да го подобриме квалитетот на живот на овие луѓе и тие да добијат подобра социјална заштита. Тој беше и останува главната цел на социјалната реформа и истовремено тоа е гаранција за нејзиниот успех", изјави министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска. Таа ја истакна и втората многу значајна придобивка од социјалната реформа, со чија реализација се креираа можности за вклучување на пазарот на трудот на невработени лица, особено од социјално загрозените категории, кои преку соодветна преквалификација и обука добиваат можност да се стекнат со сертификати за негуватели или друг индивидуален давател на социјална услуга и на таков начин да обезбедат стабилни приходи за себе и за своето семејство.

Лиценцираните негуватели кои ќе бидат ангажирани за помош и нега во домот секојдневно ќе им помагаат на корисниците полесно да ги извршуваат своите секојдневни активности, почнувајќи од одржувањето на личната хигиена, облекувањето, хранењето, движењето во домот, а ќе обезбедуваат и поддршка при чистење, перење, готвење, набавки на продукти, земање медицинска терапија и слично.

Воведувањето на социјалната услуга за помош и нега во домот ја поздравија и градоначалниците на општините Крушево, Долнени и Кривогаштани. Токму децентрализацијата на социјалната заштита и преносот на ингеренциите за спроведување на социјалните услуги од централно на локално ниво, е исто така значаен ефект и придобивка од социјалната реформа.

**К.С.А.**

# Нема термини за мамографија, но и за други прегледи, Министерството ветува промени од септември

**Побарувачката за прегледи е преголема, исто како и недостапност на термини на „Мој термин", но нема ни доволно апаратури. На овој проблем укажуваат пензионерите на телефонската линија во СЗПМ: „Ало пензионерски прашања".**

Раната дијагностика значи успешно лекување за многу болести. Барем така апелираат сите доктори, препорачувајќи да се прават редовни годишни прегледи, особено кога станува збор за оние за кои има голема веројатност да се излечат, доколку рано се дијагностицираат, како што е ракот на дојка. Сепак, за огромен број жени невозможно е да се стигне до термин за мамографија или ехо, особено во државното здравство. Со порастот на дијагнози од оваа болест, недостигот на термини за мамографија станува критична пречка во битката за живот и за здравје.

Целта на мамографијата е да се открие ракот во најран можен стадиум за поефикасно лекување. Но, како да се излечи болест ако не може да се добие термин за нејзино откривање? Моментално, апарати за мамографија се достапни во 18 градови во државните здравствени установи. Во Скопје, ваквата апаратура ја има на четири клиники, а во останатите градови ја има само во по една државна болница. За еден пациент да дојде до термин за преглед, треба прво да се упати кај матичниот лекар, на кој му се зададени одредени термини за месецот. Оттаму, матичниот лекар преку „Мој термин" на пациентот му закажува преглед во достапните термини. Иако ова навидум изгледа како функционален систем, лекарите и пациентите се жалат од недостапноста на прегледи.

Првата пречка е токму закажувањето преку матичен лекар бидејќи на ординациите им се даваат ограничен број термини за месецот. На приватните клиники пакет од ехо и мамографија чинат од 100 евра па нагоре. Во неможност да дојдат до термин, голем број пациентки се упатуваат во приватните клиники за мамографија и за ехо, каде што цените се превисоки за стандардот на обичните граѓани. Па така, во болницата „Систина", пакет од мамографија и ехо чини 8.000 денари, а одделно се по 5.000 денари. Болницата „Ремедика" наплаќа 3.800 денари за мамографија, 3.700 денари за ехо, а пакет од двете е 6.200 денари. Во клиничката болница „Жан Митрев", 3Д мамографија е 4.800 денари, 2Д мамографија изнесува 2.000 денари, додека ехото е 1.800 денари. Моментално, во половина од градовите во земјава нема достапни термини за мамографија во наредните 3 месеца според системот „Мој термин". Од Министерството за здравство велат дека од септември ќе има промени во врска со термините за преглед на дојка.

„Токму во насока на унапредување на здравствената заштита, предвидена е промена од септември во однос на патеката за преглед на дојка, со цел жените да направат преглед на дојка согласно нивната клиничка слика, односно медицинска потреба. Тоа значи дека жени со клиничка слика за промени во дојката ќе добијат упат за преглед на дојка, а радиологот ќе ги издаде потребните дополнителни упати за биопсија итн. Со ова, се олеснува пристапот на жената до потребната здравствена услуга. Скринингот за рак на дојка ќе продолжи како дел од патеката, со цел да се поделат навидум здравите жени кои припаѓаат во скрининг и жени со итна потреба од радиолошки преглед и тоа: пред и по операција, во тек на онколошки третман како и по новонастаната промена на дојката", велат од Министерството за здравство. Оттаму додаваат дека радиолозите во Националната комисија, во соработка со „Мој термин" спроведуваат едукација на матични лекари и радиолози и ќе ги информираат за новините во однос на навременото детектирање и лекување на ракот на дојка.

**К. С. Андонова**

ЗП Тетово

# Средба на пензионерите со претставници од СВР Тетово

Деновиве во седиштето на Здружението на пензионери Тетово престојуваа претставници на СВР Тетово. Целта на оваа средба беше обелоденување на Планот на Министерството за Внатрешни Работи на Република Македонија, со цел поголема сигурност и заштита, побезбедни средини за граѓаните и спроведување на заеднички активности за спречување на разни девијации во општествената средина.

Мернуш Ферати – самостоен инспектор за превенција за криминалистички работи при СВР Тетово и Сребре Ванески, самостоен инспектор за превенција при СВР Тетово, пред присутните пензионери зборуваа за актуелните проблеми по областите што ги покриват, неминовната соработка со сите општествени чинители, сè со цел спречување на немили настани, особено во овој период од годината. Ферати рече дека



секторот за внатрешни работи Тетово, има особен респект кон пензионерите и постарите лица и од тој аспект се подготвени да излезат во пресрет на барањата на пензионерите.

– Подготвени сме да се состанеме во кое било време сè со цел да ги координираме активностите за доброто на граѓаните. Со самото зголемување на бројот на граѓани, поради враќање на голем број наши привремени вработени во странство, голем број на свадби и семејни веселби, употребата на огнено оружје при такви прилики, наметнува зголемување на будноста на припадниците од СВР, но и на сите други чинители, сè со цел избегнување на немили настани кои би можеле да се случуваат во оваа средина. Неминовно е да се чува јавниот ред и мир. Секој треба да се воздржи од неумерени дејствија, – нагласи тој.

Од друга страна пак, инспекторот за сообраќај при СВР Тетово Сребре Ванески, нагласи дека, особено во овој период од годината, зголемен е обемот на прекршоци во јавниот сообраќај иако насекаде во градот, сообраќајот се надгледува од страна на сообраќајната полиција и против прекршителите на законот се преземаат соодветни законски мерки, па дури и одземањето на правото за управување со моторно возило, – додаде Ванески.

И двајцата претставници на СВР Тетово, пред присутните пензионери зборуваа и за можноста на избувнување на пожари, се разбира поради невнимателност, особено кога владеат високи температури. И во оваа насока треба да се мобилизира населението, за зголемување на будноста, за избегнување на каква било причина за појавување на пожар.

Претседателот на ЗП Тетово Селвер Мемети, ја поздрави иницијативата на претставниците на СВР Тетово ветувајќи дека Здружението ги прифаќа сите нивни проекции во овој план. Мемети истакна:

– Нашето Здружение брои околу 14.000 пензионери, организирани во 22 огранока, така да нас ни останува со сите Ваши видувања да ги запознаеме ограноците, кои потоа ќе имаат обврска да го информираат поширокото членство за мерките кои треба да ги преземаат во наредниот период. Ваквите средби се многу корисни, иако ние пензионерите секогаш сме внимавале, а тоа ќе го правиме и понатака сè со цел да имаме безбедна средина за живеење и секако избегнување на секакви негативни појави кои би го загрозиле животот на граѓаните, а особено на луѓето од трето доба.

**М. Мурсели**

СЗПМ

# Доделени средства за пензионерско творештво во 2023 година




Во многубројните форми и содржини од работата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија посебно место и значење има традиционалниот годишен конкурс за финансиска поддршка за поттикнување на издавачката дејност и творештвото. Најдобра потврда за тоа се пријавените проекти на здруженијата чија бројка годинава изнесува 33 дела. Времената комисија за издавачка дејност и творештво при СЗПМ во состав: Васил Тоциновски, претседател, Соња Смилевска и Васил Пачемски, членови, на Извршниот одбор за финансиска поддршка му предложија 19 проекти. Тоа се монографиите за ЗП Битола со која се одбележуваат 76 години активности, за ЗП Кичево, приредена од Душан Ристоски и монографијата за ЗП Карпош, по повод 45 години од формирањето на здружението. Најбројни се стихозбирките чии потписници се: Наталија Наумовска, Божана Тренческа, Олга Георгиева, Мирослава Бадаровска, Љубица Трајкоска, Веле Коцески, Нада Вељанова, Мира Иљиоска и Виолета Ристевска. Поддршка добиваат романите од Христо Петрески и Љубинко Ристов, поетската книга за деца и млади на Васил Мукаетов, книгите раскази од Метрита Абази и Снежана Паноска, трудот на публицистот и новинар Ненад Баткоски и збирката фотографии (изложба) од Јагода Стевановска.

Комисијата посебно го истакнува задоволството од работата и резултатите од конкурсот за финансиска поддршка за поттикнување на издавачката дејност и пензионерското творештво во 2023 година. Пријавените проекти се потврда за потребата од една ваква анимација чиј годинашен резултат има повеќе квалитетни проекти чии естетски вредности се вградуваат во тековите и резултатите на македонското културно и уметничко богатство. Издвојуваме неколку од нив. Монографијата на ЗП Кичево од Душан Ристоски е дело во кое аналитички, системно и низ сведоштво на аргументите (фотографии, документи, текстови, записи, сеќавања) резултира со дело од трајни вредности. Трудот има свој концепт и идеи кои доследно и творечки се следат и се вистински аманет за времето, луѓето и настаните како ука и поука за идните, нови генерации. Романот „Скопскиот трамвај" од Христо Петрески е книга која подеднакво ги радува и децата и возрасните. Потврда оти книжевното дело не се дели според возрасната припадност на читателите, туку единствена мера се естетските вредности на творбата. Говори како би изгледале човекот и животот кога низ скопските улици жизнерадосно би шетало чудото – трамвај. По своите естетски и етички вредности се одвојува и стихозбирката „Немушти дијалози" на Љубица Трајкоска. Бисер создаден од безмерната љубов и грижа на посветата кон јазикот како знак на човечка и творечка идентификација. Нејзин интерес е зборот или поточно неговите нови форми и содржини, создавањето, зборообразувањето кои ја потврдуваат убавината на мајчиниот македонски јазик не само како идентификација на колективното меморирање, туку и потврда оти јазикот е нашата единствена и најголема татковина, како што вели Блаже Конески.

**В. Т.**

Министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска во Центарот за дневен престој во Чаир

# Преку социјалните услуги создаваме поквалитетен живот за пензионерите

Пензионерите имаат право на активен и квалитетен живот во третата доба. За таа цел Министерството за труд и социјална политика посветено работи на спроведување на социјалната реформа, која покрај другото е посветена токму на пензионерите и на унапредување на можностите за нив во поглед на поголема социјализација и подобрување на здравјето.

Во таа насока, денес министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска го посети Центарот за дневен престој за стари лица со активно стареење во општината Чаир во Скопје. Центарот го посетуваат околу 30 лица од општината, а оваа социјална услуга е дел од социјалната реформа, преку која се креираат услуги во локалните средини според потребите на корисниците.

На средбата со пензионерите министерката Тренчевска ги посочи придобивките од дневниот центар и ги повика корисниците што повеќе да ги користат неговите услуги.

„И како Министерство и како Влада ја чувствуваме одговорноста што ја има општеството кон нашите повозрасни сограѓани. Низ сите активности и проекти кои се наменети за нив, се трудиме да им овозможиме што поквалитетен живот, социјализација и вклученост во секојдневието. Веруваме дека преку што подоброто функционирање на ваквите центри, но и преку услугата за помош и нега во домот тоа го постигнуваме. За тоа се доказ токму нивните искуства и сведоштва. Продолжуваме во оваа наша мисија, која е една од носечките во социјалната реформа која ја спроведуваме", истакна министерката Тренчевска при посетата на Центарот за дневен престој за стари лица со активно стареење во Општина Чаир.

Центарот за активно стареење го посетуваат пензионери над 65 години, а во него тие извршуваат повеќе активности чија цел е подобрување на менталното и физичко здравје и зајакнување на социјализацијата. Оваа социјална услуга е наменета токму за создавање можности за активно стареење, со што на лицата во третата доба им се достапни конкретни активности за подобрување на



квалитетот на животот. Во Дневниот центар, пензионерите се дружат со своите врсници, а добиваат и асистенција од стручни лица.

Центарот за дневен престој за стари лица со активно стареење во Чаир е една од активностите кои се поддржани преку „Проектот за подобрување на социјалните услуги". Во рамки на Компонента 1 од овој проект досега се поддржани вкупно 34 проекти кои ќе овозможат давање на услугите во 41 општина. Најголем дел од овие проекти се наменети за помош и нега на стари, но и на други лица. За давање на овие услуги досега се обучени 300 лица кои обезбедуваат соодветни услуги за повеќе од 1200 корисници. На денешната средба беше отворена и темата за пензиите, нивниот раст, актуелната методологија, состојбата на пензискиот систем. Министерката во оваа прилика посочи дека грижата за пензионерите и нивната благосостојба е приоритет за Владата и за Министерството за труд и социјална политика, при што го нагласи и нејзиниот личен влог како министерка за креирање на политики и мерки кои ќе значат обезбедување на пристоен живот за сите.

**К.С.А.**

ЗП Куманово, Интервју со Ѓорѓи Андов

# „Глумата е длабоко всадена во мене“



Секојдневно чекориме по патеката наречена живот, оставајќи зад нас траги кои го отсликуваат нашиот идентитет и нашето постоење во времето кое истекува под нашите стапки. Трагите остануваат како сведоци да раскажат за она кои сме, и што оставаме секојдневно зад нас.

Во овој топол августовски ден, пријатно бев изненадена кога на мојата покана за средба и разговор се согласи нашиот ценет сограѓанин Ѓорѓи Андов, препознатлив лик, како кај нас, така и пошироко.

Трагите на својата животна патека кои ги остави Ѓорѓи Андов долго ќе раскажуваат за неговото интересно чекорење, што секако заслужува простор за истата да се пишува.

Уште при првата средба, восхитува неговата смиреност, во која тивко жубори скромноста, и на прв поглед би се рекло дека тоа е негова карактерна црта која тој ја следи во неговиот живот.

**● Голема благодарност што одвоивте време и ја прифативте поканата за ова интервју со Вас, што за мене претставува особена чест. Најпрво кажете ни кој е Ѓорѓи Андов?**

– Роден сум во Велес, каде што завршив основно училиште и гимназија, а подоцна Правен факултет во Скопје. Во Велес, во младинските сцени имам одиграно повеќе улоги, од кои една посебно би ја издвоил, а тоа е улогата во „Покојник“ од Бранислав Нушиќ, каде што ја имав таа среќа да имам дијалог со нашиот голем актер сега покоен Петре Прличко.

На 1.10.1970 година дојдов во Куманово, и се вработив во Кумановскиот театар.

Од тогаш започнуваат моите улоги во многу претстави. Се сеќавам на првата моја улога во претставата „Градина“ од Едвард Олби, американски драмски писател, за која добив многу позитивни критики. Следеа улогите во „Никола Бурсаќ“ од Ќопиќ, улога во детските претстави „Козета“ и „Гаврош“ и во август 1971 година започнуваа подготовките за „Ленче Кумановче“ од Васил Иљоски на кумановски говор.

**● Да се потсетиме: пиесата „Бегалка“ од нашиот драматург, есеист и критичар Васил Иљоски, за првпат била изведена на сцената во Скопскиот кралски театар во 1928 година, на кумановски дијалект и повторно во 1936 година се прикажува, но овој пат како „Ленче Кумановче“. Кажете ни нешто за тоа.**

– Да, оваа култна театарска претстава остави неизбришлива трага и одигра мошне значајна улога во македонската драмска уметност, затоа што е изведена на македонски јазик. Во неа со лежерност и комика, авторот ја разрешува состојбата кога се судираат патријархалните сфаќања и силната љубов меѓу Бошко и Ленче. Во 1972 година, оваа претстава беше снимена од Македонската телевизија и прикажувана најмалку 3–4 пати во годината. По отворањето на Кумановската телевизија, претставата беше секогаш изведувана во пресрет на празникот Прочка.



**● Долго ќе Ве паметиме како личниот Бошко, и Љубица Гојковиќ како скромната Ленче. Салата преполна, а Вие играте една од главните улоги. Како се чувствувавте за време на изведбата на оваа култна драма?**

– Чувството беше преубаво. Целата екипа беше наградувана со големи аплаузи, а добивавме и многу позитивни критики и јас и Љубица Гојковиќ, и Илија Струмениковски. Сите. Особено голема чест ни претставува признанието кое на 9.3.2023 година го добивме од претседателот на државата, Стево Пендаровски, по повод 95 години од првата изведба и 52 години од изведбата на претставата во Театарот во Куманово. Исто така, по тој повод на 15.6.2023 година, министерката за култура Бисера Костадиновска – Стојчевска, на целата екипа, меѓу кои имаше блиски роднини на починатите актери во претставата, ни беа доделени признанија и благодарници.

Следуваа и позитивни критики од реномирани критичари. Се сеќавам на зборовите на нашата врвна глумица Цветанка Јакимовска која за нашата изведба рече: „Ова се бисерни остварувања“.

**● Вашите понатамошни театарски улоги се многубројни, но Вие сте се занимавале и сте работеле и друго. Да ги запознаеме нашите читатели и со другиот дел од Вашиот живот.**

– Од „Електра“ – од Софокле, која ја изведовме во 1972 година, со мојата колешка Љубица Гојковиќ, продолжи моето учество во многубројни драмски дела и понатаму.

Имам играно и во ТВ–филмот „Смилевскиот конгрес“ од историчарот Славко Димовски, каде што ја добив улогата на легендарниот војвода Ѓорѓи Сугарев.

Во 1982 година го напуштив Театарот и се вработив во Собранието на Општина Куманово како референт за нормативна дејност, а подоцна бев и шеф на инспекција. Еден период работев и како началник на одделение за комунално–станбени работи, а подоцна и како помошен директор за правни работи во „Југ Турист“. Како адвокат работев цели 18 години од каде што заминав во пензија. Инаку, по заминувањето од Театарот за целиот овој период сум редовен посетител на сите премиери и на Денови на комедијата, зашто љубовта кон глумата длабоко е всадена во моето битие. Во рамките на Денови на комедијата во 2018 година ми беше доделено признание за мојот придонес во уметничко–театарското творештво.

**● Од 2012 година ги живеете пензионерските денови со Вашата сопруга Снежана Андова, која е ценета и мошне активна во Здружението на пензионерите во Куманово, но и во СЗПМ. Кажете ни нешто за пензионерските денови.**



– Заедно со мојата сопруга често ги прелистуваме страниците од нашата животна книга, полна со мошне интересни спомени. Да се пофалам дедо сум на 5 внуци и тоа 4 машки и едно девојче. Тие ни ја вдахнуваат смислата на живеењето, како и на секој од нас.

На крајот голема благодарност за овој мошне интересен разговор. Се вели кога светлата на сцената ќе се изгаснат, а годините ќе се напластат, тогаш сакале или не, столчето се поместува за некое место наназад. Дури ни тоа не треба да не замислува... важно е што подолго да останеме на сцената, која Живот значи.

**Росица Митиќ**

# Ретроспектива на Републичките пензионерски спортски натпревари

Доколку се направи мала ретроспектива на иницијативата на раководството на Сојузот во 1996 година за реализација, организирање и до ден–денешниот успехот на Републичките спортски натпревари на пензионерите од Македонија, мора да се забележи како храбра одлука. Како што е познато сега веќе е оформен еден систем на спортување кај пензионерите. Тоа го покажаа пензионерите спортисти, сплотени и обединети, дека спортувањето во тие години овозможува да се одржи физичката функција на организмот, дружењето и да се надмине монотонијата. Во таа смисла, треба да се нагласи дека нема друга област која можела до тој степен да ги сплоти пензионерите, без оглед на нивната етничка, верска, религиозна и полова ориентација, како што тоа го направија пензионерските спортски натпревари. Непобитен доказ е дека со тоа се испиша историја во пензионерското организирање.



На 28 август 1996 година, сите погледи биле свртени кон **Првите** републички пензионерски спортски натпревари, на кои организатор е СЗПМ, домаќин ЗП Охрид а учествувале 45 натпреварувачи. **Вторите** РПСН се одржани во 1997 година во Дојран а домаќин било ЗП Гевгелија на кои учествувале 80 натпреварувачи. Во Куманово, на 20 септември 1998 година се одржале **Третите** РПСН на кои учествувале 100 натпреварувачи. **Четвртите** РПСН се одржале во Виница на 18 септември 1999 година, а учествувале 100 натпреварувачи. На 2 септември 2000 година во присуство на 221 натпреварувач се одржале **Петтите** РПСН во Крани. Во шестгодишната традиција на РПСН, на 16 септември 2001 година се одржани **6-тите** по ред, на езерото „Младост“, домаќин бил ЗП Карпош а учествувале 182 натпреварувачи. Во Охрид на 14 септември 2002 година се одржани **Седмите** РПСН на кои учествувале 235 натпреварувачи. Во организација на СЗПМ на 13 септември 2003 година се одржани **Осмите** РПСН во Кавадарци а учествувале 276 натпреварувачи. Во Струга на 11 септември 2004 година се одржани **9-тите** РПСН, домаќини биле ЗП Центар–Скопје и ЗП Струга со учество на 289 натпреварувачи. **Десеттите** јубилејни РПСН се одржани на 10 септември 2005 година кај езерото „Младост“, домаќин било ЗП Велес а учествувале 299 натпреварувачи. На 9 септември 2006 година, во присуство на 391 натпреварувач кај автокампот „Крани“ на Преспанско Езеро се одржале **11-тите** РПСН а домаќин било ЗП Ресен. На **12-тите** РПСН кои се одржале на 15 септември 2007 година на езерото „Младост“ домаќин е ЗП Велес а учествувале 364 натпреварувачи. На спортскиот центар „Шампион“ кај Радовиш се одржале **13-тите** РПСН на 6 септември 2008 година на кои учествувале 364 натпреварувачи. На 26 септември 2009 година се собрале пензионерите спортисти на **14-тите** РПСН во Струга на кои се натпреварувале 376 натпреварувачи во 11 дисциплини. На спортскиот центар „Шампион“ во Радовиш, на 18 септември 2010 година се одржале **15-тите** по ред Републички спортски натпревари каде учествувале 382 натпреварувачи. Првопласираните од регионалните натпревари, зеле учество на 10 септември 2011 година на **16-тите** републички натпревари во Струга, а се натпреварувале 380 пензионери. **На 17-тите** републички пензионерски спортски натпревари, одржани на 11 септември 2012 година во Скопје, домаќин е ЗП Ѓорче Петров, а учествувале 395 натпреварувачи. **18-тите** пензионерски спортски натпревари се одржани на 7 септември 2013 година во Штип, учествувале 396 натпреварувачи во 11 дисциплини. На 6 септември 2014 година се одржани **19-тите** републички пензионерски спортски натпревари во Тетово на кои се натпреварувале 400 натпреварувачи. Во организација на СЗПМ, во 2015 година во Скопје, а домаќин било ЗП Бутел, се одржани **20-тите** јубилејни Републички пензионерски спортски натпревари на 4 септември, на кои учествуваа 397 пензионери. На 3 септември 2016 година во Радовиш, а во чест на 70–годишнината на пензионерското организирање во Македонија се одржани **21-вите** републички пензионерски спортски натпревари на кои учествувале 501 натпреварувач. Во 2017 година на 2 септември во Кочани се одржала **22-та** републичка пензионерска спортска олимпијада, а право на учество зеле 500 натпреварувачи во 11 дисциплини. Пред голем број љубители, во 11 дисциплини се натпреварувале 503 спортисти пензионери на **23-тите** републички пензионерски спортски натпревари на 8 септември 2018 година во Радовиш. На 22 септември 2019 година во Радовиш, по **24 пат** се одржала Републичката пензионерска спортска олимпијада со учество на 504 натпреварувачи. По **25-ти** пат јубилејните Републички спортски пензионерски натпревари се одржале во Велес на 29 септември 2021 година, а учествувале 152 натпреварувачи во 5 дисциплини, кои беа со поинаква содржина заради пандемијата од вирусот Ковид 19. Републичките пензионерски спортски натпревари, **26-ти** по ред, на 14 септември 2022 година се одржани во Охрид а учествувале 280 натпреварувачи.

**Васил Пачемски**

ЗП Гевгелија

# Прославен Св. Пантелејмон

На 20 километри од Гевгелија и на 760 м надморска височина се наоѓа с. Ума во пазувите на планината Кожуф, во областа Влахомеглен. Тука спаѓаат и селата Конско и Серменин кои се вистински лековити воздушни бањи. Во ова село се родени новинарот Иван Антонов и лингвистот Петар Атанасов. Порано селото Ума било со околу 500 Власи со христијанска вероисповед, денес тоа практично е иселено и функционира како викенд-населба. Има и црква од XIX век која се вика Св. Пантелејмон, а тоа е и празник на селото. На тој ден овде има панаѓур и се дава курбан на црквата. Се собираат многу луѓе од околните места. Така и група пензионери од ЗП Гевгелија пристигнаа тука во утринските часови. Најпрво се упатија во црквата каде што запалија свеќи. Вредните домаќини на црквата веќе беа го подготвиле празничниот панаѓурски ручек. Во седум казани се вареше месото од седум овци кои се колат за овој празник. Времето е прекрасно, а воздухот како да те опива. Пензионерка која имала ревма, артритис и други проблеми ни кажа дека тука си го нашла спасот. Го прошетавме селото кое има многу викендички со убаво уредени дворови. На ручекот кој беше подготвен имаше повеќе од 400 души. Сите уживаа во прекрасниот празничен ден. Пензионерите во попладневните часови се вратија задоволни, со полно доживувања и со желба пак да го посетат ова прекрасно село и да се дружат.



**Јанка Узунова**

ЗП Радовиш и Конче

# Активности

Во рамките на програмата за културно–забавен живот при ЗП Радовиш и Конче на 12.8.2023 година се реализира еднодневна екскурзија до Врање, Република Србија. За екскурзијата постоеше голем интерес меѓу пензионерите. 110 пензионери го посетија комплексот Пелинце, и посетата ја овековечија со спомен–слики. Потоа се упатија до манастирот Св. Прохор Пчински. Многу пензионери за првпат го видоа овој манастир, местото каде што се одржа првото заседание на АСНОМ и каде што се удрија темелите на нашата држава – Македонија.



Посетата на Врање беше исполнета со богата програма. Се посети куќата–музеј на писателот Бора Станковиќ, како и Народниот музеј на Врање, каде што пензионерите се запознаа со културното и историското минато на овој познат крај. Претседателката на ЗП Радовиш и Конче, Евтерпи Димитрова ни рече:

– Оваа екскурзија беше организирана со цел збогатување и исполнување на пензионерскиот живот. Покрај прекрасно дружење, екскурзијата имаше културен, историски и рекреативен карактер. Поради големиот интерес на нашите пензионери за вакви екскурзии ќе настојуваме во иднина да ги има повеќе.

**Мите Сарбаков**

ЗП Солидарност – Аеродром

# Прво здружение кое склучи договор со еко хотел „Бања Света Недела“ - Катланово

На 3.7.2023 година ЗП Солидарност – Аеродром склучи договор за користење на хотелско–туристичко–угостителски и бањски услуги со еко хотелот „Бања Света Недела“ – Катланово. Во договорот се дефинирани обврските на двете страни „Бања Света Недела“ (како давател на услуга) и ЗП Солидарност – Аеродром (како корисник на услуга) со цел услугите што ги нуди „Бања Света Недела“ да бидат во заеднички интерес. Лицата кои ќе престојуваат во еко хотелот ќе имаат право на попуст од стандардниот ценовник по лице кој изнесува 1.749 ден. (полн пансион, користење базен и дел од физиотерапијата), попустот изнесува 15% и 20% во зависност од периодот на користење (во или вон сезона). Попустите кои се наведени ќе бидат поткрепени со обезбедување потврда од Здружението (потпис и печат). Лицата кои ќе ги користат услугите потребно е претходно да извршат резервација.

Корисниците на услугите во еко хотелот „Бања Света Недела“ имаат можност за користење на „екстра услуга за престој“. Тоа значи дека одредени лица кои не се во можност да го платат износот во целост, можат да бидат финансирани од давателот на услугата на одложено плаќање во рок од шест месеци.

Корисниците на услуга можат да организираат и разни видови екскурзии, ручеци, прослави, спортски и други активности преку Здружението или одвоено со добивање попусти и услуги во ресторанот кој е во склоп на хотелот.

**Марија Мишковска**

ЗП Кавадарци

# Пејачката група „Никола Бадев“ на отворањето на „Боемска улица“

Кавадаречките пензионери оваа година имаа можност, во рамките на „Кавадаречко културно лето“, да присуствуваат на повеќе културни настани што се одвиваа на градскиот плоштад. Меѓутоа, посебно интересно за нив беше отворањето на боемската улица, која кај нив разбуди посебни емоции, потсетувајќи ги на едно убаво време, исполнето со спомени од нивната младост. Што им понуди оваа улица, какви сеќавања и каква беше целата организација – староградска песна, уметност, поезија и добро вино, во текстов е поместено.



За првпат во рамките на „Кавадаречко културно лето 2023“, култната улица „Зелен пазар“ во центарот на кавадаречката чаршија, беше претворена во „Боемска улица“. Идејата и организацијата на боемската улица беше на здружението „Винотек“ и поддржана од локалната самоуправа и градоначалникот, со намера манифестацијата да стане традиционална и да се одржува повеќе пати во годината и во себе да ги обединува убавата староградска песна, познатата чалгија, поезијата, уметноста и се разбира доброто вино и ракија од домашните винарии.

Првото издание на „Боемската улица“ помина во прекрасна атмосфера, со многу добра музика и расположение, за што се погрижија музичките групи „Трио граnде“, „Акустико бенд“, како и оркестарот при Здружението на пензионери од Кавадарци заедно со пејачката група „Никола Бадев“, кои во староградска носија ја надополнија сликата на едно убаво време кога добрата песна и серенадите беа дел од секојдневниот живот на кавадарчани. За уметничката нишка на боемското дружење се погрижија ликовните уметници: Владимир Темков, Ванчо Кеков, Соња Самарџиева, но и големиот хуманист Живко Поповски – Цветин, кои заедно со прекрасните интерпретации на стихови од поетите на поетскиот клуб „Тиквешки цветови“ ја надополнија боемската дружба на многубројните гости.

Секако, најзадоволни од оваа манифестација беа пензионерите, за што голема благодарност им изразија на членовите на пејачката група „Никола Бадев“ при ЗП Кавадарци, со песни од нивниот богат репертоар, придонесоа да се доловни амбиентот на едно убаво време од минатото, време кога серенадите беа присутни во живеењето на постарите генерации, време минато, но никогаш не заборавено. Животот си минува, но спомените остануваат вечно да живеат. **Лилјана Илиева**

ЗП Прилеп

# Пензионерите се сеќаваат на оперетата изведена во Прилеп








Речиси 72 години од првата изведба на сценско музичко дело во театарот. „Мамзел Нитуш“ го кренала градот на нозе во 1953 година, небаре е фудбал.

– Градот го имаше првото оперско крштевање во четири чина во 1953 година во стариот театар на Напе со претставата „Мамзел Нитуш“ („Матмоузел Нитуш“), на музиката на Ф. Херве и текстот на Х. Мелак и А. Миланд, во режија на Никола Автоски и под диригентство на Богдан Шиндилоски. Тоа беше спектакл што ги крена граѓаните на нозе повеќе од фудбалот, а ние, дваесетината членови на оркестарот, особено помладите, покрај актерите, сметавме дека сме важни, дека светот се врти околу нас, – вака се сеќаваат на учеството во оперетата возрасните сограѓани Димитар Гугучески и Борис Клисароски. Двајцата жалат што поновите генерации на прилепчани не биле сведоци на воодушевувања од опереска претстава како пред повеќе од 65 години. Тие биле дел од оперетата која доживеала над сто изведби за повеќе од две години. Со 15–16 години, заедно со наставниците, свиреле на виолина како ученици во музичкото училиште и од неколку метри се восхитувале на играта на актерите на прилепскиот театар, Кирил Жежоски, Живка Георгиеска, Нада Гешоска, Ѓорѓи Ристески, Цане Настески, Блага Алампиоска, Марица Врkиќ, Олга Наумоска, Димче Шилоски, Веле Дукоски, Рампо Конески, Душан Наумоски, Нада Галеска, Соња Автоска, Методија Петкоски, Благоја Алексоски, Домна Иваноска, Орде Павлоски и Аце Михајлоски. Пензионерите, кои тогаш биле тинејџери, паметат дека неколку години по војната било вистинско чудо на сцената од театарот да се изведе оперета и пристојно и комично да се долови атрактивната љубовна приказна со среќен епилог.

– Речиси сите ученици од училиштето со наставниците организираа оркестар на дувачки и жичени инструменти. Немаше хармоники, клавир, само виолини и дувачки инструменти, труби, кларинети, саксофони, флејти... Ни кажаа дека ќе подготвуваме музика за оперета под диригентската палка на Шиндилоски, кој беше и директор на музичкото училиште со неколку годишна традиција. Вежбавме според тетратките со ноти, а потоа и на сцена со актерите. Тие пееја само во дел од претставата, поединечно и како хор, поддржани од оркестарот. Играа и танцуваа во дел од изведбата, но главно ги интерпретираа дијалозите од текстот, како што им режирал Никола Автоски – Боби, – кажува пензионираниот адвокат Гугучески.

– Ми навираат импресиите на премиерата. Бевме млади без поголемо искуство. Рацете ни се тресеа и душата нѐ не собираше при дебитирањето пред многу публика. Трема на куп. Се потеа прстите на жиците и на гудалото. Образите се вцрвуваа, но сѐ заврши беспрекорно. Отсвиривме без грешка водени од маестро Шиндилоски. Публиката беше внимателна, а на крајот нѐ награди со овации и долг аплауз. Следните изведби течеа како подмачкано. Исчезна трепетот, туку во срцето се насели ведрина. И тоа чукаше во радосен такт и во ритамот на музиката што ја свиревме, – се сеќава Клисароски. На двајцата инструменталисти, виолиности, не им бледнеат пријатните спомени. Како да било вчера. Биле полни со младешки жар и со музички елан да го освојат светот. И при сегашното враќање на минатото, меморијата им е јасна. Се гордеат што биле дел од пишувањето на една страница од градската музичка историја, за која сега речиси нема кој да каже нешто повеќе.

Клисароски и Гугучески жалат што граѓаните не доживеале оперско задоволство. Велат дека сите се пооскудни со музичка духовна храна, ако не се земат предвид повремените настапи со фрагменти на опери, на тенори, алтови, сопрани и басови, од Скопје на сцената во Прилеп.

– Не сме биле сведоци на комплетна оперска претстава на некоја од прилепските сцени. Тоа е штета. При градбата на Домот на културата, архитектите не проектирале простор за оркестар од филхармониски размери во големата сала за да можат оперски актери да пеат и да играат или балетани да танцуваат на големата бина, следени од раскошни музички оркестри со десетици инструменти, – велат некогашните виолинисти.

Како и да е, двајцата пензионери го дадоа придонесот да не се заборават времињата дека градот бил место на значајни уметнички настани, кои биле дел од културното доживување во сиромашниот период.

**Кирил Ристески**

ЗП Пробиштип

# Фестивалски настапи на КУД „Весели пензионери“

Годинава членовите на КУД „Весели пензионери“ при ЗП Пробиштип настапија на двата реномирани фолклорни фестивали во Македонија. Најнапред беше настапот на фестивалот на изворни песни и инструменти „Пеце Атанасовски“ во Долнени, Прилепско, а потоа и фестивалот „Илинденски денови“ во Битола.

Во Долнени се претставија со карактеристичното викоичко пеење, со стари македонски песни во изведба на женското трио. Гајдарите се претставија со сплет на македонски ора, а Јовче Нанев кој сам се придружуваше на гајда ја изведе песната „Вечерај Кате“, а Тимчо Петков ја отпеа песната „Тантино моме Тантино“. За прекрасните изведби не изостанаа и бурните аплаузи од публиката, како и честитките од стручното жири.

На 29–ти беа учесници на реномираниот фестивал на народни песни и игри Илинденски денови во градот на конзулите и пајтонџиите Битола, кој годинава се одржува по 53–и пат, и на кој настапија многу друштва од други држави, како што се Србија, Хрватска, Италија, Бугарија и други.

Членовите на КУД „Весели пензионери“, традиционално се претставуваат со стари изворни песни, ора и обичаи. Годинава презентираа еден многу интересен обичај поврзан со свадбарските обичаи. Инаку, во Македонија, особено во руралните средини свадбарските обичаи започнуваат во четвртокот пред свадбата со месење погача или „замесок“ па траат до наредниот четврток по свадбата со пречекување на сватовштините.

Годинава на 53–ото издание на Илинденски денови се претставија со обичаите во понеделникот по свадбата. Тука се прославуваа чесноста на невестата, испраќањето на деверите, варење блага ракија, пеење на шеговити песни, водење на невестата на вода и слично.

Овде се даде акцент на славењето на чесноста на невестата и испраќање на деверите. Тројца девери се китат, се даруваат од невестата, им се дава шише со блага ракија и се испраќаат кај родителите на невестата и тие да се даруваат со своите роднини и пријатели дека нивната ќерка не ги посрамотила.



Во куќата пак, кај младоженецот невестата се води на вода, пред гостите се изнесува невестинската кошула за да се види дека е чесна, а таа кога ја водат на чешма, ги полни стомните со вода и една од нив крши. Потоа продолжува веселбата дома. Се пеат песни, се играат ора.

За автентичната изведба на обичајот, за автентичните носии и песни преку кои се зачувуваат старите македонски традиции, изведбата на обичајот, друштвото беше наградено со прва награда во категоријата на изворен фолклор. Актерите беа бурно поздравени и од публиката, а и од стручното жири беа наградени со највисокото признание за автентична изведба на една веќе заборавена свадбарска традиција.

**Милевка Здравковска**

Разговор со Марија Александрова, пензионерка од Австралија

# Во пензионерските денови пишува, слика, води радио емисии

Марија Александрова е Македонка која долго време живее во Австралија, а околу 5 години е пензионерка.

На прашањето како и минуваат пензионерските денови еве што вели:



– Исполнето и со многу содржини ги минувам пензионерските денови. Пишувам проза и поезија од сите жанрови, сликам, имам своја радиоемисија на македонски јазик на која нашинците на наш македонски мајчин јазик слушаат што се случува во нашата татковина.

Во Македонија доаѓам често, речиси секоја година. Тука сум родена тука го завршив моето образование. Македонија е мојата татковина и со радост доаѓам во Скопје и во Прилеп бидејќи сум прилепчанка и во себе носам многу убави спомени од младоста. Повод за моето овогодишно доаѓање беше ликовната колонија во Крушево, која се одржа во јули месец и траеше седум дена, на која имаше луѓе од многу земји, а меѓу нив и пензионери. Дружењето беше пријатно а искуството драгоцено. За време на тие шест дена колку траеше овој настан, секој требаше да наслика по две слики од кои едната останува како подарок на Македонија, а другата можеше секој да ја задржи за себе. Јас мојата и ја подарив на нашата водителка и организатор на колонијата за спомен.

● **Почитувана Марија кажете ни нешто за животот во Австралија, но посебно за нашите читатели е интересно да ни кажете како живеат пензионерите.**

– Во Австралија во пензија се оди со 64 години за жени и 66 за мажи. Пензија добива секој по 1.000 долари 2 пати месечно или вкупно 2.000 долари што е нешто помалку од просечната плата во земјата, меѓутоа ако пензионерот има имот или плус два стана од оној во кој живее или друг имот или приходи, тогаш не добива пензија!

Постојат голем број пензионерски здруженија, но тие не се во еден сојуз како тука, иако постојано се во контакт и соработуваат. Одат и организираат заеднички концерти, екскурзии, поетски читања и друго. Секој член пензионер плаќа членарина со кои средства се финансираат активностите на здружението. Членарината е различна и се движи од 12 долари нагоре некаде е и 150 неделно. Некогаш се додаваат средства ако има некои поголеми активности.

Секој пензионер има право да биде згрижен во државен старски дом, ако нема свој дом. Има место за сите, но има и приватни домови кои се доста скапи и не може секој да си ги дозволи. Пензионерите не плакаат никаква партиципација за здравствените услуги во државните установи, но не плакаат ниту и другите граѓани: вработени, студенти, деца. Нема партиципација ниту за лековите од одредена листа лекови одобрена од државата. Школувањето во државни училишта е исто така бесплатно. Просечната плата од околу 3000 долари која се добива на рати неделно е доволна да ги покрие трошоците на еден просечен нормален живот. Може да се заклучи дека животот во Австралија е добар како за Австралијците, така и за дојденците, само да не е таа носталгија што ја носиме со себе.

**К. С. Андонова**

(ПАБЛО НЕРУДА е добитник на Златен венец на Струшките вечери на поезијата во 1972 и Нобелова награда во 1971)

# Ако ме заборавиш



Сакам да знаеш една работа,
кристална месечина, црвени гранки
на бавната есен во мојот прозорец,
ако го допрам
неусетниот пепел крај огнот
или збрчканото телото на трупецот,
сѐ ме носи кон тебе
небаре сѐ што постои,
мирисите, светлоста, металите
сѐ како мали чамци кои пловат
кон островите твои што ме чекаат.
Ако малку по малку
престанеш да ме сакаш,
и јас ќе престанам
да те сакам
малку по малку.

Ако одеднаш ме заборавиш
не ме барај,
јас веќе сум те заборавил.
Ако мислиш дека е долг и луд
ветерот на знамиња
кој поминува низ мојот живот
и одлучиш да ме оставиш на брегот
на срцето во кое јас имам корени
запамети дека тој ден,
тој момент, ќе кренам раце
и ќе ги искорнам своите корени
во потрага по друга почва.
Но, ако секој ден, секој час,
се согласиш да бидеш моја судбина
со неумолива сладост,
ако секој ден се искачи
еден цвет до твоите усни барајќи ме
во мене целиот тој оган се повторува,
во мене ништо не е изгаснато
или заборавено,
мојата љубов се храни со твојата љубов,
и сѐ додека живееш
таа ќе биде во твоите раце
никогаш не напуштајќи ги моите.

ЗП Пробиштип

# Средби кои долго се паметат

Генерациските средби на некогашните средношколци, се едни од најпосакуваните и незаборавни. Тие ги разбрануваат сеќавањата од младоста, од првите училишни денови од средното училиште, од искреното другарство и незаборавните прошетки. Но ваквите средби будат и носталгија за едно време кое не се заборава, за соклансиците кои веќе ги нема и за сите палавштини во тие години, кои се граници меѓу детството и младоста.




На 14–ти јуни, во Штип се одржа една таква средба на некогашните ученици од претпоследната генерација на учителската школа „Гоце Делчев“. Според договорот на организаторите, собирањето беше пред училиштето во кое тие се школуваа за идни учители, и каде пред 61 година излегоа, подготвени да се сретнат со своите идни ученици од кои треба да изградат добри и образовани кадри за нашата држава. Така, во јуни 1962 година, 216 образовани учители тргнаа на разни страни низ Македонија и ја започнаа својата работа за која 4 години ги подготвуваа врвни професори. Ги зедоа дневниците и сега тие се најдоа во улога да воспитуваат и образуваат. Беа вредни ученици и извонредни учители. Но, покрај тоа што работата учител ги исполнуваше, желбата повторно да се сретнат со своите соученици не ги напушташе затоа што сакаа да си ги споделат искуствата и убавините од работните места на село или град.

По завршувањето на учителската школа, прв пат се сретнаа по 15 години и се договорија да се среќаваат на секои 10 години, а потоа средбите се зачестија на секои 5, а потоа и секоја година. И годинава, сега некогашните ученици, со своите 80 години, повторно се сретнаа пред своето училиште за да ја одбележат 61–та годишнина откако заминаа како завршени учители. Голема беше радоста но и голема носталгијата за оние што ги немаше меѓу нив. Сепак, во нивните мисли, во нивните срца, сите беа тука со нив, сите 216.

**Милевка Здравковска**

Струга

# Генерациска средба

Генерацијата матуранти 1965 година, од Гимназијата „Браќа Миладиновци“ од Струга, на 10 јули 2023 година се сретнаа да ја одбележат 58–годишнината од матурирањето.

Тие се присетија на повеќето другари, колеги и професори коишто веќе не се меѓу нив.

– Средбата беше пријатна. Се гледаме почесто бидејќи сега се среќаваме секоја година. Сите присутни беа пензионери, генерациски во осмата деценија, со седи коси. Се потсетивме на професорите, на многу пријатни моменти, на будалштините што тогаш сме ги правеле – рекоа електромашинскиот инженер Ванѓел Наумоски, професорот по математика Дуке Стојаноски и Луан Ајрула, социјален работник, кои се организатори на средбата.



– Се договоривме средбите да продолжат и да се одржуваат секоја година, на истиот ден, во исто време и на исто место – рече Луан Ајрула, кој кога бевме средношколци беше водич на музичкиот состав „Ел Му Чачос“ што во превод значи „момчиња“, од Струга, а го сочинуваа уште и Виктор Миса, Коста Калајџиески од Вевчани и Реџеп Гафур од Струга.

Беше направена и заедничка фотографија во ресторанот „Женска плажа“ во Струга.

**Стојан Кукунешоски**

Пензионерски активности

# Секое цвеќе и украсно дрвце, сака љубов



Борче Шијакоски е нашинец, тукашен, што се вели. Роден е во село Лопатица, Прилепско. Учел во Прилеп, живеел, тука некое време и поработил, а и во Кавадарци каде што се заљубил, се оженил и сега живее таму со семејството. Шијакоски е пензионер веќе три години и некој месец, но неговата пасија, неговата љубов кон цвеќето, кон украсните дрвца не го оставаат мирен. Борче, секој пазарен ден, на прилепчани им нуди убави цвеќиња и, се разбира, зимзелени украсни дрвца.

– Во мојот расадник во кавадаречко, Ваташа, имам повеќе од триесетина илјади украсни дрвца што јас самиот ги имам засадено, подготвено, одржувано и еве сега им ги нудам на оние што не знаат сами да калемат и да одгледаат убави, зимзелени украсни дрвца. А, во расадникот имам разноразни зелени, обични и секаков вид на туи. За секој што го сака цвеќето, зимзеленото дрвце, треба да се знае дека не е доволно само да се купи и да се насади во касија или во двор. Треба сѐ што е засадено да се негува, да му се посвети внимание, треба да се сфати дека и дрвцето има живот, а тој живот му го даваме ние луѓето. Тоа е животот, тоа е продолжување на она што отсекогаш е наречено „живот“, за нас и се разбира и за природата. Еве, човек може да се научи да ги размножува цвеќињата, но не е доволно само тоа, треба да му се пружи љубов. Нормално тука во одржувањето е значајно и прихранувањето, наводнувањето, – кажува Борче.

Шијакоски во натамошниот разговор ни откри дека многу наши сограѓани сакаат украсни дрвца за на тераса, за во дворовите, викендичките каде што има простор и каде што сакаат да направат жива ограда. Тука, пред сѐ, ги спомenува хортензиите чии цветови, ги има во повеќе бои, диви брези, костени, елки секаков вид и којзнае уште какви. Па, ги спомнува и другите дрвца, цвеќиња кои се користат во гастрономијата како рузмаринот, ловоровиот лист, лимонот, кедарот, жалфијата.

Го запрашавме од каде го научил овој „занает“. Шијакоски одговара:

– Бев некој месец во Германија, таму имам дел од моето семејство. Работев сѐ и сешто. Таму научив дел од она што сега на одреден начин им го „продавам“ на муштериите. Сето ова не го правам само заради пари. Јас сум и најевтин на пазарот. Од кај мене, од мојот расадник, кој не е под пластеница, дрвцата растат на отворено. Јас признавам прихранување само со арско ѓубре и добра земја, хумус и, не само што ги нудам моите дрвца на муштериите, ами им давам и совети како да ги одржуваат, како да ги негуваат понатаму.

Шијакоски укажува и дека имал понуди да остане во Германија и да работи како хортикултурен уредувач на градини, но неговите домашни, овде од Македонија, од Кавадарци така да се каже го вратиле. А, тој си ја пробал среќата на времето и прелетал и до Австралија и таму работел на уредување на дворови и секакви други аргатски работи, но се вратил овде, дома, да го уредува својот двор, но и на другите, на комшиите. А, на крајот да кажеме дека Борче Шијакоски, прилепчанецот не е агроном, тој е машинец, но го засакал „зеленилото“ уште од Лопатица кога бил мал.

– Уредувањето, цвеќињата, украсните дрвца ги сакам. Тоа е во мене, тоа е љубов што ме опкружува постојано и верувам дека никогаш нема да ја изневерам, – додава Борче.

**К. Ристески**




Mbledhje e KE

# Të gjitha vendimet janë sjellë njëzëri

Edhe pse Lidhja si organizatë joqeveritare nuk ka bazë ligjore të përgatit Raport financiar për të ardhurat (hyrat) e realizuara në periudhën 1 janar deri më 1 qershor 2023, megjithatë, sikurse edhe vitet më parë edhe në këtë, është përgatitur dhe prezantuar në mbledhje. Ekspoze të shkurtër në mbledhje ka dhënë sekretari i Këshillit ekzekutiv, Menka Temelkovska, e cila ndër të tjera ka thënë:

- Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, në periudhën janar-qershor 2023, aktivitetet e veta i ka orientuar në realizimin e qëllimeve programore të vërtetuara me Programin për punë të Lidhjes për vitin 2023, Statutit dhe akteve tjera të Lidhjes.

Në periudhën janar - qershor 2023, për realizimin e aktiviteteve të planifikuara, Lidhja ka realizuar të ardhurat (hyrat) dhe shpenzimet edhe atë:

1. GJITHSEJ TË HYRA 4.716.150 DENARË
2. GJITHSEJ HARXHIME 4.171.577 DENARË

Në periudhën janar - qershor 2023, Lidhja me gjithë të hyrat e realizuara në sasi prej 4.716.150 denarë, ka realizuar harxhimet e përgjithshme në sasi prej 4.171.577 denarë, të cilat shënojnë rënie prej 5,8% në krahasim me harxhimet e realizuara në vitin 2022. Rezultati pozitiv financiar në punën e Lidhjes, tregon faktin se në mënyrë racionale janë harxhuar mjetet për realizimin e qëllimeve dhe detyrave, të parapara me Programin për punë të Lidhjes. Për raportin dhe punën e Lidhjes raport ka dhënë edhe kryetari i Këshillit ekzekutiv Mitre Stojanovski. Pas fjalëve të tij Raporti financiar është pranuar njëzëri nga anëtarët e



pranishëm të Këshillit ekzekutiv të Lidhjes. Ndryshe, ky raport është edhe një dëshmi se puna e Lidhjes është publike dhe transparente.

Më pastaj, të pranishmit janë informuar për rezultatet nga ndarja e mbështetjes financiare nga ana e Lidhjes krijuesve dhe shoqatave për vitin 2023. Këtë aktivitet LSHPM e praktikon më shumë vite prapa. Rezultatet i ka elaboruar kryetari i Komisionit prof. dr. Vasil Tocinovski.

Në mbledhje është dhënë Informacion për realizimin e këstit të dytë nga granti "Pensionisti rural" në vitin 2023, mjete të cilat Lidhja përmes Kryqit të kuq të RMV i ka fituar nga Unioni Evropian. Raportin e ka arsyetuar kryetarja e LSHPM Stanka Trajkova.

Raportin për garat sportive regjionale në tetë regjione në vitin 2023 e ka arsyetuar kryetari i Komisionit për sport dhe rekreim pranë KE të LSHPM, Zdravko Petkovski i cili ndër të tjera ka thënë:

- Garat sportive regjionale në tetë regjionet për vitin 2023 kanë mbaruar me sukses. Me ata në mënyrë aktive janë përfshirë rreth 25 000 pensionistë. Garat republikane sportive të pensionistëve do të mbahen më 17 shtator 2023 në Bërvenicë, Tetovë. Me garuesit e tyre janë kualifikuar 43 shoqata të cilat do të paraqiten me 371 garues nga të cilët 224 në ato për meshkuj dhe 147 garues në konkurrencën femra.

Më pastaj janë sjellë disa vendime edhe atë:

Në Festivalin të moshës së tretë Lidhja dhe vendi tonë do ta përfaqësojnë SHP Koçan dhe SHP Vinica, ndërkaq delegacion i LSHPM ta udhëheq Menka Temelkovska dhe Dimitar Dimitrievski.

Të ndahet mbështetje financiare për disa shoqata të vogla e tjerë.

**K.S. Andonova**

# Trençevska: Vendimet e qëndrueshme dhe sistemore nuk sjellën për një ditë

Ministrja për punë dhe politikë sociale, Jovanka Trençevska, në takim me këshillin e pensionistëve të cilët i kanë lajmëruar kërkesat lidhur me pensionet, ka mbajtur mbledhje me Lidhjen e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë. Në mbledhje ishin të pranishëm kryetarja e Lidhjes së pensionistëve Stanka Trajkova, nënkryetari i KE i LSHPM Mentor Qoku dhe sekretari i KE i LSHPM Menka Temelkovska. Pos tyre kanë marrë pjesë edhe kryetarët e shoqatave të pensionistëve nga Prilepi, Shtipi dhe Ohri, Sllavko Trajkovski, Risto Netkov dhe Gjorgji Tërpçevski.

Në mbledhje Trençevska ka vënë në dukje se në periudhën e kaluar, Metodologjia për rritjen e pensioneve dhe masat për mbështetjen e pensionistëve të cilët janë pjesë e kategorisë së pambrojtur të qytetarëve, janë sjellë bashkërisht me Lidhjen e pensionistëve. Ajo ka theksuar se puna e ministrisë për punë dhe politikë sociale me Lidhjen në periudhën e kaluar nuk ishte në pushim, por përkundrazi në vazhdimësi është punuar në vendim për vërtetimin e sasisë së pensionit minimal.

Kryetarja e Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, Stanka Trajkova ka dhënë konkluzionet nga mbledhja e mbajtur me kryetarët e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë.

Në këtë takim, nga ana e të pranishmëve është sjellë konkluzion formimi i grupit punues i cili do të përbëhet nga përfaqësues nga Ministria për punë dhe politikë sociale, përfaqësues nga Qeveria dhe Lidhja e pensionistëve si dhe Fondi për sigurim pensionist invalidor.

Grupi i punës duhet të propozoj zgjidhje të cilat do të jenë të qëndrueshme në raport me vërtetimin e sasisë së pensionit minimal, por edhe për pako të tjera masash për ndihmë dhe mbështetje të pensionistëve. Grupi i punës duhet të punoj në masa të cilat do të jenë të qëndrueshme të cilat nuk e dëmtojnë stabilitetin e Fondit për sigurim pensionist invalidor si dhe para së gjithash të respektojnë nevojat e pensionistëve.

Ministrja ka vënë në dukje se në periudhën që pason do të intensifikohen takimet me pensionistët në të gjitha qytetet e shtetit. Sipas sajë, ajo do të jetë mundësi për dhënien e propozimeve të cilat do të jenë bazë për krijimin e vendimeve dhe parashikimin e ndryshimeve të nevojshme ligjore me qëllim që kërkesat të jenë realitet.

Trençevska, në fund të takimit ka theksuar se Ministria do të premtoj vetëm plotësimin e zgjidhjeve të cilat me të vërtet do të mund të realizohen, sepse sipas sajë, fjala e dhënë te qytetarët gjithnjë duhet të realizohet plotësisht.

**K.S.A.**

# Konkluzione nga mbledhja me numër të caktuar kryetarësh shoqatash lidhur me ndodhitë aktuale në organizimin pensionist

Më 11 dhe 14.08.2023, është mbajtur mbledhje me kryetarë Shoqatash që kishte të bëj me ndodhitë aktuale në organizimin pensionistë. Me këtë rast u sollën këtë:

**KONKLUZIONE**

1. Të merren masa nga ana e Shoqatave të pensionistëve, protestat të mos dalin nga kontrolli, me afirmim dhe duke treguar në mjediset tuaja të masave të sjella nga Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë

2. Secili protestë duhet të paraqitet në MPB nga ana e atyre të cilët protestojnë, me qëllim që të sigurohet siguri e të pranishmëve. Nëse nuk është paraqitur, atë ta paraqes në MPB kryetari i SHP.

3. Nëse ka mundësi të bisedohet me grup më të vogël pensionistësh të cilët protestojnë dhe me ata të bëhet qasje pozitive dhe të sqarohet se harmonizimi i pensioneve nuk është vetëm 6% në këtë vit, por harmonizimi është 8,4% nga marsi 2023 dhe rreth 6% nga 1 shtatori 2023, ose gjithsej ajo do të ishte rreth 15% që është në pajtim me rritjen e rrogave dhe harxhimeve të jetës.

4. Të bashkëpunohet mes shoqatave të pensionistëve për arsye të informimit të ndërsjellë me qëllim që të këtë njohuri se si zhvillohen punët veçmas në secilën shoqatë dhe të shkëmbehen përvoja pozitive.

5. Kryetarët mund të kërkojnë paraqitje në mediumet me qëllim që të sqarohet se ku harxhohen të hollat nga anëtarësia e cila është vetëm 27,5 denarë për SHP dhe 2,5 denarë për LSHPM, ndërkaq 140 denarë janë ndihmë pas vdekjes të cilat ndahen në llogari të veçantë. Nuk është i vërtet mendimi i pensionistëve të cilët protestojnë se ato harxhohen vetëm për ekskursione dhe shëtitje të pensionistëve, ngase pensionistët për ekskursionet paguajnë shpenzimet për autobus e tjerë.

6. Lidhja ka përgatitur Propozime për ngritjen e lartësisë të pensioneve më të ulëta dhe për një afat të shkurtër do të bisedohet për ato me Ministrinë për punë dhe politikë sociale për sjelljen e vendimit në rrugë institucionale, në interes të pensionistëve.

7. Më 15.08.2023, Lidhja dhe Ministria për punë dhe politikë sociale do të mbajnë takim pune ku do të fillohet në shqyrtimin e propozimeve dhe mendimeve për çështjet e sasisë të pensionit më të ulët.

8. Pensionistët janë të revoltuar nga rritja e rrogave të funksionarëve për 78%. Sipas tyre ajo e ka ngritë pakënaqësinë te pensionistët.

9. Lidhja propozon përparimin e formulës për harmonizimin e pensioneve edhe ajo të bëhet nga 1 janari dhe nga 1 korriku i vitit në rrjedhë.

10. Në Ligjin për sigurimin pensionist invalidor të krijohet bazë ligjore për harmonizim degresiv të pensioneve në periudha kur dukshëm do të rriten harxhimet e jetës.

11. Në fund të vitit të formohet bazë ligjore për dhënien e njëhershme shfrytëzuesve pensionist me pensione të ulëta.

12. Gjatë kohës së mbajtjes së mbledhjes nga pensionistët që protestuan para LSHPM nuk janë dorëzuar kërkesa, dhe nuk është kërkuar as pranim te kryetarja e Lidhjes.

Akuzat të dhëna para Ministrisë për punë dhe politikë sociale se kryetarja nuk i ka pranuar as kërkesat e as ata, nuk janë të vërteta.

**Stanka Trajkova,**
**kryetare e Këshillit Ekzekutiv i LSHPM**

# Pjesë nga intervista me kryetaren e LSHPM StankaTrajkova në gazetën "Nova Makedonija"

Pakënaqësitë dhe protestat e pensionistëve të cilët kërkojnë sasi më të madhe të pensionit minimal dhe rritjen lineare të pensioneve për të gjithë shfrytëzuesit e pensionit ishin rast që kryetarja e Lidhjes të jap intervistë për "Nova Makedonija" ku referohet për një sërë çështjesh aktuale për atë se kush janë karakteristikat e sistemeve pensioniste në botë dhe te ne, ndikimi vendimtar e lartësisë së pensionit, numër i madh i shfrytëzuesve me pensione të ulëta dhe si ajo të përmirësohet dhe rëndësia e masave jashtë sistemit pensionist.



Pensioni është e drejtë individuale dhe varet nga rroga të cilën i siguruari e ka realizuar në gjithë kohën e punës së tij, më herët nga viti 1970. Elementet e rëndësishme nga të cilat varet lartësia e pensionit janë lartësia e rrogës dhe gjatësia e stazhit pensionist. Ekzistimi i pensioneve të ulëta e gjeneron sistemin pensionist edhe atë për këto arsye: ekzistimi i blerjes së stazhit, pagesa e kontributit me diskont, baza e ulët e siguruesve bujqësorë, sasi e ulët e shtesës së të hollave për kohën e kaluar si sigurues i paraqitur nga Agjensioni për punësim, ose ndërprerje e pagesës së kontributit pas mbushjes të 15 viteve. Protesta është e drejtë demokratike dhe shfrytëzohet për praktikimin e demokracisë. Secili protestë është me rëndësi qoftë ai të jetë në numër më të vogël ose në përmasa më të mëdha nga se nga ai mund të nxirren konkluzione të caktuara. Pa dyshim se protesta është e drejtë ligjore, por elemente të rëndësishme të protestës janë: kush proteston, koha dhe vendi i protestimit, qëllimi, mënyra, është shumë me rëndësi se kush është organizatori i protestës. Lidhja e shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë, në vazhdimësi i përcjellë edhe pensionete ulëta dhe të gjitha çështjet lidhur me të drejtat e pensionistëve dhe i zgjidh në rrugën institucionale duke dhënë nisma, propozime dhe mendime deri te organet kompetente të shtetit. Në lidhje me harmonizimin linear theksohet se harmonizim linear nuk ka as në shtetet që na rrethojnë, as në sistemet pensioniste të shteteve evropiane.

Klubi i pensionistëve të Tetovës

# Ambient i përshtatshëm i shoqërimit të ndërsjellë

Në kuadër të Shtëpisë së pensionistëve të Tetovës, përskaj shumë ambienteve të tjera, funksionin edhe Klubi i pensionistëve. Kjo hapësirë ka një sipërfaqe prej afro 120 metrash katror, e pajisur me inventarin e nevojshëm, me pjesën shtesë të mbuluar si tarracë verore, që po kështu ka rreth 80 metra katror, madje edhe me një nyje sanitare në shërbim të pensionistëve.



Klubi për çdo ditë (përjashtuar të dielave), frekuentohet nga qindra pensionistë të qytetit dhe të viseve rurale. Aty zhvillohen takime mes pensionistësh, duke bashkëbiseduar e trajtuar tema nga më të ndryshmet, kryesisht ata me të cilat preokupohen moshat e treta.

Në mesin e atyre që i has pothuaj çdo ditë në ambientet e Klubit të pensionistëve janë edhe pensionistët Genc Kuriu dhe Bozhidar Nikollovski.

Në pyetjen e parashtruar se çfarë i shtynë ata kaq shpesh të frekuentojnë këtë klub, morëm përgjigjet si më poshtë:

- Ka vite që unë me shokë, një pjesë të ditës e kalojmë në klubin e pensionistëve në Tetovë. Ky ambient ofron kushte solide për shoqërim të ndërsjellë, bashkëbisedim, për të luajtur ca lojëra në tavolinë, si bixhoz me letra, tabelë, domino, etj., vlerëson Kuriu. Po kështu sipas tij, hapësira e bollshme, e ajrosur vazhdimisht, me mjaft dritë, e furnizuar me pajisjet elementare, ofron kushte për një qëndrim të këndshëm në këtë klub, thekson Genc Kuriu. Si pensionistë disavjeçar, mund të them se klubi në fjalë paraqet një hapësirë mjaft tërheqëse për moshat e treta, ku pos tjerash, ekziston mundësia e furnizimit me kafe e pije të ndryshme freskuese, me çmime të përballueshme për secilin pensionistë, pohon Kuriu.

- Ndërkaq, sipas Bozhidar Nikollovski, në klubin e pensionistëve në Tetovë takohemi shpesh me miq tanë, me të cilët kemi bashkëpunuar gjatë kohës sa ishim aktiv në procesin e punës. Me ta bashkëbisedojmë mbi tema të ndryshme, e që dominojnë preokupimet e moshave të treta. S'do mend se krijimi i kësaj hapësire nga udhëheqësia e Shoqatës së pensionistëve ka qenë vendimi më i mirë i miratuar, ngase është krijuar një ambient tejet i përshtatshëm i komunikimit të ndërsjellë të pensionistëve, vlerëson Nikollovski. Sipas tij, përveç çasteve të bukura që kalojmë në këto ambiente, kemi mundësinë që të bashkëbisedojmë edhe me udhëheqësit e Shoqatës së pensionistëve, mbi çështje të ndryshme, përfshirë organizimet që bëhen në planin e jetës kulturore e zbavitëse, aktivitetet sportive të pensionistëve, organizimi i ekskursioneve, etj.

Në ambientin e Klubit të pensionistëve të Tetovës zhvillohen edhe mbledhjet e Kuvendit të Shoqatës së pensionistëve, organ ky që numëron 47 delegatë të deleguar nga të gjitha 22 degët vendore. Po kështu në këtë hapësirë organizohen edhe takime e tubime të tjera që janë të lidhura me aktivitetet e planifikuara të Shoqatës. Vlen të theksohet se klubin e pensionistëve në Tetovë, përveç pensionistëve të qytetit, shpesh e frekuentojnë edhe pensionistët të viseve rurale, të cilët ende nuk i kanë krijuar ambientet e tyre të takimit.

**M. Murseli**

# Што е мака?

Бидејќи адаптогените билки – растителни екстракти кои му помагаат на телото да управува со стресот од околината – стануваат сè попопуларни во САД, има добри шанси да сте слушнале (или дури и сте пробале) за неколку од нив, како што се ашвагандха, реиши печурката и светиот босилек. Сега, има уште една адаптогена билка во пораст: коренот на мака. Како и со другите адаптогени билки, некои луѓе очекуваат мака да помогне во управувањето со стресот. Но, коренот на мака има свои посебни својства кои исто така го издвојуваат. За да одредите дали маката навистина може да ви користи, треба да знаете што точно велат науката и како најдобро да се користи билката, како што советуваат експертите.

Иако веројатно нема да наидете на мака во делот за производи во вашата самопослуга, д-р Пуја Ејми Шах, лекар за интегративна и функционална медицина од Њујорк и доцент на Универзитетот Колумбија, вели дека маката е зеленчук со крстовиден корен од родот на репа и трупка. Често се нарекува и перуански женшен, но воопшто не е поврзан со азискиот или американскиот женшен; тоа е сосема друго растение. Коренот мака, доаѓа во различни бои – вклучувајќи црвена, црна, жолта и кафена – и традиционално се одгледува во Перу каде што се консумира со храна и како чај.

Научно поткрепени придобивки од коренот на мака:

**1. Му помага на телото да управува со стресот**

Мака е адаптогена билка, а нешто заедничко за сите адаптогени е тоа што можат да му помогнат на телото да се справи со стресот од околината, објаснува д-р Шах. „Адаптогените долго време се користат во ајурведската и традиционалната кинеска медицина, но тие доживуваат ренесанса“, вели таа. Она што адаптогените можат да го направат (вклучувајќи ја и билката мака) е да помогнат во стимулирање на системот за заштита од стрес на телото преку балансирање на оската на хипоталамусот на хипофизата на надбубрежните жлезди (HPA) на телото. Оската на ХПА е одговорна за тоа како централниот нервен систем и хормонските системи реагираат на стрес. Кога се чувствуваме под стрес, нивото на кортизол се зголемува. Но, научните студии покажуваат дека консумирањето мака може да помогне да се спречи зголемувањето на нивото на кортизол.

**2. Може да помогне при депресија**

Кога луѓето се поотпорни на стрес и се поспособни да се справат со секојдневните стресови, нивното расположение станува подобро. Значи, ако постојано се чувствувате како да сте „на работ“, редовното консумирање мака потенцијално може да помогне – иако треба да се направат повеќе човечки студии за да се потврди врската помеѓу мака и расположението.

**3. Може да доведе до зголемена енергија**

Мала студија на 175 луѓе укажува на поврзаност помеѓу билката мака и енергијата. Во студијата, луѓето кои зеле 3 грама мака за 12 недели изјавиле дека доживеале поголемо зголемување на енергијата отколку луѓето кои не консумирале мака. Поради ваквиот одговор, доколку сте чувствителни на билки, најдобро е да консумирате мака порано во текот на денот.

**4. Може да помогне со симптоми на перименопауза и менопауза**

Иако се потребни повеќе истражувања, една мала студија покажа дека жените во менопауза кои консумирале мака доживеале помалку топли бранови и ноќно потење отколку кога не ја консумирале.

**5. Придобивки за вашите коски**

Истата студија открила дека учесниците имале зголемена густина на коските по консумирање мака. Друга студија исто така открила врска помеѓу мака и силни коски. Во трудот, авторите на студијата велат дека тоа е веројатно затоа што мака содржи полинезаситени масни киселини, хранлива материја важна за здравјето на коските.

**Б. Ангеловска**

# Научно докажано: не е добро да се потиснуваат емоциите

Нервните мрежи на мозокот се измешани но, сепак научниците велат дека е откриено дека имаме невронска мрежа за гнев, невронска мрежа за паника и тага, невронска мрежа за страв, мрежа за болести и мрежа за игра. Сите овие невронски мрежи се важни за животот на цицачот. Тие се дел од ист апаратус.

Така на пример мрежата за гнев се активира кога сме нападнати и кога нашите граници се нарушени. Ако сакаш да видиш што е гнев, приближи се на мечка која има малечки.

Исто така имаме и систем за грижа, која не тера и ни овозможува да се грижиме едни за други, особено за своите малечки. Без сето ова цицачите не би преживееле.

Имаме и систем за паника и тага, а тоа е она што го чувствуваат малечките кога имаат недостиг од грижа. Тие чувствуваат паника и тага.

За жал, она што се утврдува најчесто е дека се потиснати гневот, паниката и тагата, а тоа не добро. Кога се потиснува здравиот гнев, се потиснува и имуниот систем. Накусо, научно објаснување: ова се случува бидејќи разумот и телото не можат да се одвојат. Улогата на здравиот гнев е да ги заштити сопствените граници. Тој има улога да штити напад од нешто што не треба да бидеш нападнат, емоционално и физички. Доколку сте во иста соба со некој што сака да ве нападне, вие треба гневно да изреагирате, а треба да го сторите истото и ако сте нападнати од вашите емоции.

Секогаш треба да се држи на растојание, она што не е здраво. Улогата значи на емоционалниот систем е пред сè, да го негува и прима она што правилно те изградува, а да го отфрли она што е непожелно. Тоа е во основа, улогата на емоциите.

Прашање: Како до добар имунитет? Повторно ист одговор: да се пропушти нездравото, а да се прими здравото. Истото е со емоциите. Тие се дел од истиот апаратус. Кога го потиснуваш здравиот гнев, го нарушуваш и својот имун систем. Тука можеби треба да се вклучи прашањето зошто некој би го потиснувал здравиот гнев.

Некои велат дека депресијата е нарушување на менталното здравје но, не е така. Што значи зборот депресија? Самиот збор значи: „да притиснеш надолу“. Ги притискаме емоциите. Ги потиснуваме бидејќи се плашиме дека е нешто премногу опасно да го преживееме кога е закана за некој близок однос. Потиснувањето на здравиот гнев предизвикува појавување на хронични болести и канцер. Правени се студии дека луѓето со кои го изразуваат здравиот гнев, живеат подолго. Направена е студија со 2 000 жени во САД и тоа биле жени кои биле несреќно омажени и не го искажувале своето чувство дека се несреќни. Во испитуваниот 10–годишен период е најдено дека тие имаат шанса да умрат 4 пати повеќе од исти такви несреќно омажени жени, кои ги изразуваат своите чувства. Потиснувањето на здравиот гнев, тагата и потиштеноста ја негира нашата физиологија и настануваат болести како: мултиплекс склероза, фибромијалгија, мигрена. Кај секој кој има мигрена, зад тоа се крие потиснат гнев.

Исто е и со тагата. Ако твоите родители се среќни, ставаш на себе среќно лице. Ако се прашуваш: „Дали е сè во ред?“ И така одиш во животот и сите мислат дека си многу фин човек, се маска. Ти си несреќен во себе, но тоа го потиснуваш, не го покажуваш.

Велат: „Колку фина личност, секогаш радосна, весела“. После му доаѓаат на погреб со прашањето: „Зошто добрите умираат рано?“ Одговорот е: „Умираат рано оти меѓу-другото, ги потиснуваат своите емоции.“

**Маја Белева**

# Умереното консумирање пиво го спречува ризикот од остеопороза

Силиконот и ксантохумолот се состојки на пивото за кои е докажано дека придонесуваат за формирање и одржување на јачината на коските.

Пивото е најстариот и најраспространет алкохолен пијалак во светот, кој се карактеризира со ниска содржина на алкохол и освежителна и карактеристична арома. Има регенерирачко, зајакнувачко, тонирачко и хидратантно дејство на организмот и е природен извор на витамини, минерали, јаглеродни хидрати и одредени аминокиселини и флавоноиди, познати и важни антиоксиданти.

Пивото може да има одредени здравствени придобивки, како што се намалување на ризикот од срцеви заболувања и остеопороза.

Во прилог на ова зборуваат и резултатите од спроведеното истражување кое ја нагласува важноста на ефектот на поединечните состојки на пивото врз целокупниот метаболизам и како одговорното и умерено консумирање пиво може да придонесе за превенција и третман на одредени болести и состојби.

Меѓу нив е и остеопорозата, хронична дегенеративна болест која се карактеризира со прогресивно губење на коскената маса и чести фрактури на коските. Ако се пие умерено, пивото ги храни коските и го спречува ризикот од остеопороза. Наодите за составот и биолошките соединенија содржани во пивото покажуваат дека минералот силициум и фитоестрогенот ксантохумол се два клучни фактори за здравјето на коските.

Силициумот игра важна улога во формирањето на коските и одржувањето на силата бидејќи го подобрува квалитетот на коскената матрица преку олеснување на минерализацијата на коските. Во форма на силициум диоксид, тој е вообичаен додаток на храната, но има ограничена интестинална апсорпција, така што не навлегува во крвта и не доаѓа до местото на дејствување колку силициумот содржан во пивото.

Освен силициумот, друго соединение за заштита на коските содржано во пивото е ксантохумол. Тоа е биолошки активно соединение од хмељот кое придонесува за горчината и вкусот на пивото и е познато како моќен фитоестроген. Истражувањата го докажаа нејзиниот позитивен ефект врз диференцијацијата, созревањето и правилниот развој на остеобластите (клетки кои градат коски). Денес се изнаоѓаат начини како во иднина оваа супстанца да се изолира и да се користи како молекула од која би можеле да се добијат нови лекови за состојби како што е остеопорозата.

За максимално да се искористат сите придобивки од пивото во спречување на развојот на остеопороза, потребно е тоа да се консумира умерено и одговорно.

Кај жените тоа е потрошувачка од околу 0,33 л дневно, додека за мажите оваа количина е околу 0,65 л дневно вообичаено лагер пиво со 4,5 до 5 проценти алкохол. Кај овошното пиво прифатливите количини се двојно поголеми бидејќи содржи наполу помалку алкохол, а кога се работи за безалкохолно пиво, дневните препорачани количини се речиси идентични со оние препорачани за сите безалкохолни пијалаци со никаква содржина на шеќер. (Околу 1 литар).

**М. Д.**

## КОРИСНИ СОВЕТИ

# Сите делови од оревот се лековити

Добро се познати лековитите својства и бенефитите врз човековото здравје што го имаат оревите. Сепак, поради нивната калорична вредност и масните киселини кои ги содржат, не се препорачува да се јадат повеќе од пет јатки дневно.

**Зелениот плод и листовите** – Малку се познати лековитите својства на младите листови, младите плодови и незрелиот плод, кои можат да помогнат кај многу болести, а најделотворни се ако се берат на почетокот од мај. Младиот орев лекува белодробни болести, ја чисти крвта, го подобрува видот, ги јакне мускулите и коренот на косата, ги дезинфицира раните, ја подобрува функцијата на мозокот, спречува рак на дојка и простата и др. Младите зелени ореви се богати со витамин С. Во комбинација со мед се одличен лек за болежливи и слаби деца.

**Зрелите плодови** – Зрелите плодови се полни со масла, се јадат свежи и претставуваат одличен извор на омега 3 масни киселини, кои успешно го намалуваат нивото на лошиот холестерол во крвта. Оревот се користи против инфицирани рани, кожни болести и воспаление на очи, во облик на балсам или како бања.



**Оревовото масло** е добро за нега на косата и заштита од изгореници од сонце. Јатките содржат 65% масло, протеини, јаглеродни хидрати, фосфор, калиум, магнезиум, витамин В и С, железо... Во споредба со другите јаткасти плодови, оревите содржат двојно повеќе антиоксиданти. Само 30 грама ореви дневно може значително да го подобри вашето здравје.

**Чајот од преградата што го раздвојува месниот дел на оревот,** што секогаш ја фрламе, се покажал како многу ефикасен при прочистување на срцевите артерии, при превенција или подобрување на срцевите болести, како и при намалување на телесната температура. Стеснувањето на срцевите артерии обично настанува поради хронично труење со никотин, па овој чај особено им се препорачува на пушачите. Сè што треба да направите е да потопите 4–5 /прегради во вода и наутро од нив да подготвите чај. Испијте го овој чај на празен стомак. Исто така, имајте на ум дека станува збор за природен лек, па најдобро е прво да се консултирате со лекар. Чајот може да се пие паралелно со препишаната терапија, за долготрајни ефекти.

На крајот сите знаете дека од оревово дрво се прави најубав мебел!

**М. Д.**

# Згрутчување на крвта

Згрутчување на крвта може да се случи на секого и може да биде опасно по живот ако не се разграде во телото, па затоа е важно да ги забележите знаците што ви ги испраќа телото за да можете да реагирате навреме.

**Што треба да знаете за згрутчување на крвта?**

„Згрутчувањето на крвта може да биде тивок убиец. Може да се манифестира на многу начини и да доведе до сериозни компликации. Пушењето, високиот крвен притисок и одредени лекови, како што е естрогенот, го зголемуваат ризикот од развој на згрутчување на крвта. Познавањето на симптомите може да ви го спаси животот“.

**Може да имате згрутчување на крвта без да знаете**

„Згрутчувањето на крвта најчесто се наоѓа во нозете и го блокира снабдувањето со кислород околното ткиво. Сепак, површни или згрутчување на крвта во дел од телото без зафатено ткиво понекогаш може да останат незабележани. Згрутчувањето на крвта кое не покажува никакви симптоми е особено опасно бидејќи, доколку не се лекува, може да доведе до сериозни компликации во белите дробови или мозокот“.

**Скратен здив или вртоглавица**

„Веројатно ќе го игнорирате заморот, потењето, отежнато дишење или вртоглавица по умерена или енергична активност. Меѓутоа, ако тие се појавуваат често, особено додека одморате или вршите некоја лесна активност, овие симптоми не треба да се игнорираат. Згрутчувањето на крвта во белите дробови се нарекува белодробна емболија и го спречува кислородот да влезе во крвта. Белодробната емболија може да биде фатална ако не се лекува брзо“.

**Оток, болка, промена на бојата или печење на кожата на екстремитетите**

„Ако не сте сигурни за знаците на згрутчување на крвта, можете отечената или променетата боја на кожата на екстремитетите да ги помешате со неодамнешна повреда или да игнорирате мала промена во бојата или температурата на нозете. Сепак, тие исто така може да бидат знаци на длабока венска тромбоза или згрутчување на крвта што се формирало длабоко под кожата и ја блокира крвта да стигне до здравото ткиво. Ако почувствувате еднострана остра болка, црвенило, оток или топла кожа во одредена област, побарајте лекарска помош што е можно поскоро. Длабоката венска тромбоза може да доведе до белодробна емболија или посериозни проблеми, вклучително и гангрена“.

**Слабост, гадење, проблеми со видот или говорот**

„Згрутчувањето на крвта може да се заглави во крвните садови во мозокот, кои се стеснуваат од масните наслаги. Може да настанат и поради траума на главата или удари кои предизвикуваат потрес на мозокот. Бидејќи згрутчувањето на крвта спречува оксигенираната крв да стигне до делови од мозокот, може да чувствувате вртоглавица, збунетост или да имате проблеми со гледањето или зборувањето. Згрутчувањето на крвта во мозокот може да предизвика широк спектар на невролошки проблеми, од општа слабост до мозочни удари. Ако чувствувате нешто необично, побарајте лекарска помош што е можно поскоро“!

**Таска Гавровска**

ЗП Ѓорче Петров

# Долгогодишен активен член и волонтер во Црвениот крст и во здружението



Водејќи се од принципите и движечката сила на хуманоста и солидарноста Ристов Љубинко, роден 2.11.1950 година во село Јосифово, е активен волонтер и член во Црвениот крст повеќе од 55 години. Својот волонтерски ангажман го започнува во далечната 1966 година како ученик во Средното техничко училиште „Здравко Цветковски“ во Скопје, вклучувајќи се во младинските активности во Црвениот крст.

Членувањето и волонтерскиот ангажман го продолжува како претставник од основните организации на Црвен крст формирани според местото на неговиот професионален ангажман во Министерството за внатрешни работи и од основната организација на Црвен крст формирана во урбаната заедница „Даме Груев“ кога станува и член во раководните структури на организацијата на Црвениот крст. Во повеќе мандати бил член на Собранието и раководниот одбор на Црвен крст на РСМ–ОО Карпош, воедно и претседател на Комисијата за крводарителство.

Како претставник од Општинската организација Карпош во неколку мандати е и член во собранијата на Националното друштво на ЦКРСМ и Црвениот крст на Скопје.

Започнувајќи како млад крводарител континуирано во текот на целиот волонтерски ангажман продолжил посветено и совесно да се вложува во активностите за промовирање и унапредување на крводарителството, како и во активностите од социјално–хуманитарен карактер со посебен акцент на грижата за старите лица и во активностите за подготвеност и дејствување на Црвениот крст во случај на катастрофи.

Воден од алтруистички побуди, како истакнат крводарител со над 120 крводарувања, Ристов Љубинко е позитивен пример за личност која претставува одраз на високи етички, хуманитарни и морални вредности, за што има добиено голем број благодарници и јубилејни признанија на локално, градско и национално ниво од страна на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

На Светскиот ден на волонтеризмот, од страна на Црвен крст на Република Македонија, доделена е благодарница на Ристов Љубинко за посебни достигнувања и посебни заслуги во остварувањето на целите и задачите на Црвениот крст на Република Македонија.

Црвениот крст на РСМ ОО Карпош изразува голема благодарност кон Љубинко Ристов за сета негова досегашна волонтерска мисија

Исто така тој е еден од иницијаторите на сите хуманитарни активности во ЗП Ѓорче Петров.

**Маре Кочоска**
**Секретар на Црвен крст на РСМ-ОО Карпош**

ЗП Крива Паланка

# Грижа за пензионерите од топлотниот бран



Кон препораките за спречување на штетните ефекти од топлотниот бран што ја зафати Македонија и влијанието на надворешните високи температури врз здравјето на луѓето, препорачани од страна на Министерството за здравство на РСМ, Институтот за јавно здравје на РСМ и Центрите за Јавно здравје, во Крива Паланка се вклучи и Основната организација на Црвен крст и здружението на пензионери од Крива Паланка и Ранковце.

Од Црвен крст беа вклучени младите волонтерите кои делеа летоци со совети за превенција од топлотен бран и шишиња вода. Вниманието беше насочено кон повозрасните лица а не беа изоставени и случајните минувачи на кои им се укажуваа последиците на оние кои се во поголем ризик во ова топло време, а покрај тоа што им беа дадени препораки за заштита од топлото време, лиценцирани негуватели од „Нега центарот“ им мереа крвен притисок и гликемија во крвта на повозрасната популација.

Со зголемен интензитет работи и пензионерската амбуланта секој вторник со која раководи вишата медицинска сестра Јадранка Павловска, а во таквите услови апелира кон пензионерите редовно да си ја земаат пропишаната терапија од матичен лекар и редовно да се придржуваат кон препорачаните мерки против топлотниот бран.

**Б . Стојчевска**

ЗП Илинден

# Незаборавна прошетка до Струга

Здружението на пензионери Илинден, за овој дел од годината сите планирани активности според програмата за работа предвреме ги заврши со забележителни успеси на сите полиња и дејствување. По тој повод, традиционално, а со одлука на Извршниот одбор



и желбата на заинтересираните пензионери за оние места каде досега немале можност да ги видат, на 15 август 2023 година, 55 пензионери спортисти и членови на музичката група, заминаа на еднодневна екскурзија во Струга. Убавиот ден навестуваше пријатно патување кое со песна и досетки стана уште по интересно а минувајќи низ убавите предели на Македонија, патот дотаму брзо им помина. Но, восхитот кај сите пензионери настана со стигнувањето во Струга. Овој туристички град на Охридско Езеро беше местото каде пензионерите од ова здружение на пензионери тој ден шетаа и се забавуваа.

По кусите прошетки низ градот, покрај езерото, реката Дрим и мостот на поезијата, понесувајќи незаборавни доживувања, посебен интерес пензионерите пројавиле за посета на црквата посветена на Великомаченикот Свети Ѓорѓија, што се наоѓа во градот, каде што, исто така, уживаа во убавината и мирот што го нудеше ова прекрасно издание.

Таквата екскурзија, за којашто пензионерите со гордост ќе раскажуваат, неминовно беше што некои пензионери убавите спомени каде историјата, културата и природните ресурси создаваат неверојатна комбинација и придонесе за незаборавна слика на градот ги овековечија кои трајно ќе сведочат за прекрасното дружење.

– Убавиот град, прекрасното езеро и реката Дрим, другарувањето, создавање нови пријателства, се секогаш содржина на популарните екскурзии кои ги организираме за пензионерите во нашето здружение, ни рече Васе Ѓорѓиевски – претседател на здружението на пензионери Илинден.

**Васил Пачемски**

ЗП Карпош

# Прослава на „функцијата“ прабаба на Стефанка Поповска

– Горди сме што сме жители на Општина Карпош, а воедно и членови на пензионерското здружение Карпош, кое се состои од 7 огранoци, меѓу кои е и најголемиот огранок, Тафталиџе 1 и 2. Седиштето на овој огранок е лоцирано на пазарот Тафталиџе 1 и 2. Во овој огранокот со години наназад се прават заеднички дружења, роденденски забави, слави, раѓање на внуци, правнуци, прослави по повод златни свадби на брачни другари и слично.

Стефанка Поповска, е долгогодишен активист, и сегашна претседателка на огранокот Тафталиџе 1 и 2, позната со нејзина изрека дека „годините поминуваат, староста доаѓа, но желбата за почитување, дружење, прослави и рекреација кај многу од нас сè уште постои“.

На 12.08.2023 година нè израдува веста дека се родил Ведран, а Стефанка станала прабаба. По повод раѓањето на нејзиниот правнук, направивме скромна, но искрена прослава во клубот на огранокот Тафталиџе 1 и 2, кој е како едно големо семејство. На веста сите од огранокот се израдуваа и по тој повод организиравме заедничко дружење.

Симболиката на името Ведран, на правнукот на Стефанка е добра душа, со ведар, чист, јасен дух и укажува дека треба чесно и транспарентно да продолжиме и во иднина да се



дружиме со вакви убави прослави, како во нашиот огранок, така и пошироко во Здружението на пензионери Карпош-Скопје.

Благодарение на активноста на нашите членови, како во огранoците така и во ЗП Карпош, заради ваквите дружења и прослави, бројот на членовите на огранокот се зголемува. Членството во овој огранок, сега брои 1527 членови, а ќе се залагаме во иднина овој број да го зголемиме.

**Душан Јовановиќ**

# Сè повеќе сами возрасни лица, а сè помалку институционална грижа за нив

Силната миграција на младите во целата земја, а особено во источниот регион и понатаму продолжува. Анализите покажуваат дека бројот на возрасни лица кои остануваат сами, ќе расте во следниот период. Традицијата во овие региони на земјата до пред неколку децении беше помладите да остануваат и да живеат со своите родители, но ова брзо се измени бидејќи потребата за миграција надвор од земјата се зголеми. Оваа состојба донесе социјални промени, кои меѓу другите нешта, создаде и зголемена потреба за згрижување на повозрасни лица чии семејства сега живеат надвор од Македонија и останале овде сами.

Во Источниот регион на нашата земја има сè повеќе сами возрасни лица, а сè помалку институционална грижа за нив. Во евиденцијата на Здружението на пензионери од Делчево се регистрирани околу 3 492 пензионери на територијата на општината. Од нив 63 возрасни лица се без семејна грижа, 12 живеат без никакви примања, додека 340 лица се корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице.

Делчевските пензионери, заедно со останатите во Источниот регион на Македонија, имаат на располагање само еден дом за возрасни лица. Тој е во Берово. Домот за возрасни „Иван Влашки“, основан од Општина Берово, кој располага со простор за 39 корисници. На долгата листа на чекање за место во овој дом има имиња на пензионери од целиот регион.

Според податоците од Пописот во 2021 година, во Источно–плански регион живеат 174 341 жител, од кои 16,8 % од населението е над 65 години.

Во недостаток на дом, каде што би се згрижиле повозрасните граѓани, кои останале сами и имаат потреба од грижа, Општина Делчево ја спроведува „Програмата за општествено корисна работа – грижа за возрасни и изнемоштени лица во домашни услови“, поддржана од УНДП, за што се ангажирани 14 невработени лица. Од општината информираат дека овој проект се спроведува согласно со Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2023 година, преку ангажирање невработени лица кои имаат сертификат за пружање помош и нега во домот. Во помош и грижа за 20 лица со Алцхајмерова болест и деменција се вклучени и тимовите на општината во организација на Црвен крст од Делчево.

Од август минатата година започна со работа социјалниот давател на услуги „Бравура Кооператива“ со шест професионални лица и сертифицирани негуватели, кои се грижат за возрасните лица од Делчево и околните села. За неколку месеци тимот се зголеми на 14, како што расте и бројот на лицата кои бараат нега во домот. Социјалниот давател на услуги по примерот на западноевропските земји се грижи за лица кои не можат да се чуваат самите себе, лица со посебни потреби и сл. Тимовите за нега ги посетуваат во домовите, им помагаат во секојдневните потреби, а се и во постојана комуникација со нивните матични лекари за да можат да им ја обезбедат и месечната терапија.

За оние кои се пријавени за негувателки била одржана шестмесечна обука и практика, по што добиле и лиценца за работа. Секоја од нив има по 3–4 лица за кои се грижи, вклучувајќи помош на лицата при вршење на основните потреби, лична хигиена, облекување, мобилност, хранење, користење тоалет, поддршка за чистење, купување храна, лекови, прошетки и слично. Тим е поврзан со матичните лекари на лицата и е во координација за нивната здравствена состојба.

Секој од негувателите добива листа со корисници за кои се грижи. Кај некои од нив одат секојдневно. Кај други, пак, како што објаснуваат од „Бравура Кооператива“, може да се отиде само еден ден во неделата и се останува таму додека не се згрижи со сите негови потреби. Работата на негувателите е координирана од Центарот за социјални работи (ЦСР) во Делчево, кој е и контролор на нивната работа заедно со инспекторите во Министерството за труд и социјална политика.

Според Правилникот за давање нега во домот, Центарот за социјални работи го одобрува барањето што лицата кои имаат потреба од помош и нега, го доставуваат до нив, како лиценцирани даватели на услуги.

На територија на Општина Делчево и Македонска Каменица има некаде околу 70 луѓе кои имаат потреба од услугата нега и помош во домот. Од иселениците кои се во странство немаме многу барања, најмногу околу 10 барања. Најчесто прашуваат каде можат да ги сместат своите родители и своите блиски.

Источниот регион е специфичен според големиот број иселеници од една страна и големиот недостаток на институции каде што нивните веќе повозрасни родители би можеле да се згрижат. За разлика од останатите региони, во Источниот нема приватен капацитет за згрижување.

Во Штип со години е заглавена изградбата на почнатиот дом за возрасни лица, што го гради Здружението на пензионери и потроши близу половина милион евра свои средства. Во 2014 година почна изградбата на домот во некогашниот воен ресторан. Шест години нема никакви градежни работи, а зградата која е изидана, чека на одобрување средства од државата. Но, главен проблем е документот за легализација, што се покажа како голем предизвик за објектот што се гради на дваесетина метри од касарната, што сега е НАТО-центар. Во Кочани, домот за возрасни лица кој се чинеше дека годинава ќе може да почне да се гради – не е започнат. Општината Кочани, како инвеститор, беше информирана дека предвидените средства од Министерството за труд и социјална политика требаше да ги издвои за изградба на дом за возрасни лица, ги пренамени за потребите на друга општина. Ова уследи откако општината одби да го намали планираниот капацитет од 148 легла на 50. Со години се најавува дом за возрасни лица во јужното крило на Здравствениот дом во Пробиштип, но и таму проектот е во административна фаза.

Од неодамна во село Тработивиште, Делчевско, започна изградбата на првиот старски дом како приватна инвестиција на наши иселеници во Швајцарија. Изградбата ќе трае околу три години, ќе има капацитет за згрижување на 35 лица, а за нивна нега ќе бидат ангажирани 20 лица.

Исто така, има иницијатива и преку Светската здравствена организација за изградба на старски дом на територија на Општина Делчево. Меѓутоа, таа постапка е сè уште во тек. Во недостаток од државно легло, за пензионерите се одбредојдени давателите кои пружаат нега во домот. Во Делчево, има голем број пензионери кои имаат свои куќи, често двокатни и трикатни, а живеат сами.

Бидејќи за изградба на старски домови треба повеќе време и средства, општините и државата би било добро да го форсираат помагањето на возрасните луѓе во нивните домови бидејќи многумина од нив имаат свои куќи во кои има простор, но не можат самите да се грижат за себе, а и повеќе невработени ќе си обезбедат средства за егзистенција.

Сега помагањата на возрасните во нивните домови се временски проекти и овој облик на социјално домување треба системски да се реши во нашата држава.

**К. С. Андонова**
**(Користени се податоци од текстот на авторката Габриела Деолска Георгиевска)**

## ПАТУВАЈТЕ - СОНУВАЈТЕ

# Финска

Финска, е земја која го зазема првото место на листата со најсреќни земји во светот. Станува збор за мала северна земја каде што е популарен патриотизмот, а елените шетаат слободно по улиците на малите градови.

Околу 70 отсто од територијата на Финска е покриена со шуми. Затоа Финците се чувствуваат толку пријатно кога се во шума. Финска често пати се нарекува и земја на илјада езера. Овие езера се појавиле како резултат на последната глацијација, која завршила пред околу 10.000 години. Водата во нив е толку чиста што може да се пие директно од чешма и не бара дополнителна обработка. Речиси секој ресторан бесплатно нуди шише вода. Во Финска родителите добиваат детски додаток од околу 100 евра месечно. Додатокот се зголемува со секое следно родено дете во семејството, а се плаќа додека детето не наполни 17 години. Повеќето родители не ги трошат парите и им ги штедат на децата, за подоцна во животот да им ги дадат. Освен тоа, откако ќе се роди бебе, родителите добиваат картонски кутии од државата во кои ги има сите потребни работи за бебето. Кутиите содржат 64 различни артикли, вклучувајќи облека, пелени, играчки и сите потребни информации за грижа за новороденчето.

Во Финска се прави најдобрата пица во светот. Сè почнало со Силвио Берлускони, италијанскиот премиер кој дал изјава дека не ја сака финската храна. 3 години подоцна Финска победила на меѓународниот натпревар за пица оставајќи ја Италија зад себе и презентирајќи ја својата позната пица „Берлускони" со месо од елен. Оваа земја е еден од светските лидери во рециклирање ѓубре. Финска се придржува кон кружна економија, што овозможува да се користат сите ресурси што му се достапни на општеството со минимална количина отпад. 99% од комуналниот отпад или се рециклираат или се испраќаат до печки за палење отпад, што последователно произведуваат енергија. 9 од 10 пластични шишиња се рециклираат, а истото важи и за стаклото, каде што процентот на рециклиран производ е уште поголем. Во Финска постојат многу чудни спортски натпревари. Спортот е составен дел од животот за Финците. Освен добро познатите спортови, оваа земја има натпревари како носење сопруга, фрлање на мобилни телефони, лов против комарци и фрлање чизми.



Финска е прва земја во светот што на секој граѓанин му дава право на пристап до бесплатен интернет. Финците го заземаат второто место во светот по консумирање кафе. Според Меѓународната асоцијација за кафе, секој Финец годишно троши 11 килограми кафе. Едно мало село наречено Јулупуки (така Финците го нарекуваат Дедо Мраз) е отворено за посета на финскиот Дедо Мраз во текот на целата година. Финскиот Дедо Мраз дури има и вистински пасош, кој вели дека бил роден „пред многу време" и е „оженет". Името на сопругата на Јулупуки е Јулумуори („Старата дама Божиќ"). Финското образование бара добро познавање на англиски и фински јазик, што потоа се докажува со полагање меѓународни испити. Образованието во јавните институции, како во училиштата така и во универзитетите, е бесплатно за граѓаните на Европската Унија и образованието во оваа земја се смета за едно од најдобрите во светот.

**Марика Дамјаноска**

## Поуки од Тадеј Витовнички (19.10.1914 - 14.04.2003)

● Животот на Земјата се манифестира со мислите. Со какви мисли се занимаваме, таков ни е и животот.

● Треба да бидеме мирни. Подобро е да се претрпи навреда, отколку да се нанесе навреда. Ако ја претрпиме навредата Господ ќе ни даде сила и мир. Ако не ја претрпиме навредата, совеста нема да ни даде мир. Совеста е божествен суд.

● Не треба да скитаме со мислите и да гледаме што прават другите, туку да гледаме што ние правиме, што излегува од нас, дали утешуваме, дали простуваме, дали љубиме.

● Треба да се опуштиш. Не ги земај премногу на себе грижите на овој свет, туку чувај го својот мир и живеј со Бог. Нека оди како оди.

● Кога ќе ја изгубиш надежта и помошта од луѓето, побарај ја од Бог, но ти самиот, и ќе ја добиеш од каде што не си се надевал ниту си помислил.

● Љубовта е најсилното оружје кое постои, и нема таква сила која ќе може против љубовта да се бори, тука сè се руши.

● Не ни сметаат нам другите, ние си сметаме самите на себе. Мислиме дека злото е надвор, дека кружи околу нас, но доколку би немале зло во себе, тоа не би можело да се закачи за нас.

● Покајанието е промена на животот. Потребно е човекот да појде до свештеникот или кај својот ближен и да му каже, што му го нарушува мирот. Кога нашите ближни соучествуваат во нашето страдање, ние добиваме утеха и снага.

● Кога домаќинот во куќата е оптоварен со грижи за семејството никој нема мир и спокој од неговите мисли, дури ни малите деца во развој. Затоа оние кои раководат со куќата треба да се предадат на Господ, да Му се молат, и да сфатат, дека Тој е семоќен, дека Господ не утешува.

● Нашите мисли влијаат не само на нас, туку и на се она што не опкружува. Мораме да упатуваме добри мисли. Господ ни заповеда да ги љубиме и своите непријатели, и тоа поради нас самите.

● Недостатокот на љубовта ништо не може да го замени. Но, љубовта ги заменува сите недостатоци.

● Мислите се како птиците. Не можеме да им забраниме да летаат, но од нас зависи дали ќе им дозволиме да слетаат и да направат гнездо во нашата глава.

● Секое добро и секое зло потекнуваат од мислите, бидејќи ние сме мислен апарат. Влијаеме дури и на билниот свет, бидејќи билниот свет има нервен систем. Сите очекуваат мир, утеха, љубов.

● Строгоста кон ближните е опасна. Строгите напредуваат само до извесен степен и остануваат на телесен подвиг. Во однесувањето со луѓето треба да се биде благ, кроток, попустлив.

**Маја Белева**

## КРСТОЗБОР

| сз пм | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | сз пм | 7 | 8 | 9 | сз пм | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | | | | | | | 17 | | | | 18 | | | | | | |
| 19 | | | | | 20 | | | | | | | | 21 | | | | |
| 22 | | | | 23 | | | | | 24 | | | | | 25 | | | |
| сз пм | 26 | | | | | | 27 | | | 28 | | | | | | 29 | |
| 30 | | 31 | | | | | | 32 | | | 33 | | | | | | 34 |
| 35 | | | | 36 | | | | | 37 | | | | | 38 | | | |
| 39 | | | | | 40 | | | | | | | | 41 | | | | |
| 42 | | | | | | | 43 | | | | 44 | | | | | | |

**Хоризонтално:** 6. Прекарот на сликарот Ставре Димитров (1944); 17. Името на сликарката Темкова (1943); 18. Државичка во Централна Америка; 19. Стара југословенска глумица, Ита (1907–1979); 20. Поранешна престолнина на Гватемала разурната во земјотрес, а денес под заштита на УНЕСКО е туристичка мека; 21. Летопис; 22. Тринитротолуол (крат.); 23. Департмент во Франција; 24. Народ на Сахалин, Хокаидо и дел на Курилските острови; 25. Соништа; 26. Град во Италија; 27. Грчка буква; 28. Чувар на граница во Византија; 29. Првата буква; 30. Согласка; 31. Канадски политичар и државник, Пјер (1919–2000); 32. Магистер (крат.); 33. Името на словенечкиот и југословенски шаховски велемајстор Планинц (1944–2008); 35. Гратче во Финска; 36. Град во Германија; 37. Главен град на Гана; 38. Гратче во Тајланд; 39. Округла; 40. Вид лепак; 41. Спортски чамец со еден веслач; 42. Дел од слама; 43. Стара мерка за тежина; 44. Дел од алат.

**Вертикално:** Гребен, било; 2. Млада руска пејачка, Ана (1991); 3. Имуноглобин составен дел на имунитетот (мн.); 4. Наша афирмација; 5. Сврзник; 6. Легендарен аргентински фудбалер и менаџер Диего (1960–2020); 7. Општинско подрачје; 8. Грчка буква; 9. Турска титула; 10. Службеничка во банка; 11. Автознак за Шпанија; 12. Музичка нота; 13. Севкупност на движења и форми на однесување;14 Град во Гана;15.Името на американскиот театарски и филмски режисер,сценарист и писател Казан (1909 – 2003); 17. Народен универзитет (крат.); 18. Пат (лат.); 20. Холандска одбојкарка, Кирстен (1992); 21. Град во Турција; 23. Буква од абецедата; 24. Единица за мерење на електричен отпор; 25. Данско машко име; 26. Трчање низ природа; 27. Град во Франција; 28. Дел од отплата; 29. Град во Авганистан; 31. Аблатив (крат.); 32. Додаток во сложенките со значење „животинско"; 33. Комунистичка интернационала (крат.); 34. Кратенка за Меѓународната организација за даночно и финансиско право (International Fiscal Assotiation); 36. Хемиски симбол за americium; 37. Автознак за Скопје; 38. Место во Тајланд; 40. Хемиски симбол за калиум; 41. Знак за литар.

**Лик и состав: Георги Хаџи-Васков**

**Решение: Стадим, Ана, Белизе, Рина, Антигва, анал, ТНТ, Круа, аину, сни, Сиена, ро, акрит, а, к, Тридо, мр, Албин, Рае, Пора, Акра, Нан, обла, неостик, скиф, слама, ока, алатка.**

## Хумор

Мили ти се бендиса ли јадењето?
Да, ама другпат немој да го правиш.

* * *

Трпе, абе многу збори жена ти.
Да, и поцрне јазикот на плажа од сонцето!

* * *

Трпе, знаеш ли кој е најдобриот детектор на лаги?
Жена ми. Кога ќе ми рече погледни ме, се и е јасно.

* * *

Кај си тргнала Цвето?
Абе цело сабајле се мислев на која плажа да одам и не можев да се одлучам, па еве тргнав на Зелено пазарче!

* * *

Што се врати толку брзо од 30 години од матура?
Кога влегов во ресторанот ми се стори дека сум влегол во Старски дом и излегов!

* * *

Кога ќе ми се јават од Телеком за продолжување на договорот им пуштам музика и им велам: „Почекајте ве молам..."

* * *

Ја прашале пчелата која партија е?
– Ние само работиме, во партија се кај нас трутовите!

* * *

Внукот го води деда си на лекар. Дедото едвај оди потпирајќи се на бастунот, а внукот гледа во мобилниот.
Дедото му вели:
Пази сине, не гледај во телефонот има отворена шахта! Ќе паднеме!

* * *

Добар ден. Колку чини кремава за сончање?
580 денари!
Дај ми еден јогурт!

* * *

Се шетаат на плажа две баби.
Знаеш ли Персо сега разбрав зошто жените од некои афрички племиња носат само ѓердани!

* * *

Совет:
Кога ќе тргнеш на одмор направи барем два круга во населбата.
Да се сети жена ти што заборавила за да не се враќаш!

* * *

Тато, ве сликав тебе и комшивката голи.
Ќе ја купиш или да и ја понудам на мама?

* * *

Филозофот Сократ рекол:
Јас сум мудар човек и знам дека ништо не знам.
Дедо, од каде знаел дека е така?
Веројатно му кажала жена му!

* * *

Кога се земавме рече дека нема да погледнеш друга!
Не е друга. Истата е од пред венчавката!

* * *

Ако маж ти не ти прави комплименти, не ти купува цвеќе, гледа фудбал, пие пиво и јаде таратор со лук, радувај се!
Нема швалерка!

* * *

Зошто плачеш Маро? Што се случило?
Моите не ми дозволуваат да се омажам за тебе.
Не плачи, дај да те гушнам. Ќе си најдам јас друга.
Не се секирај!

## Комарецот и бикот

Еден комарец подолго време престојувал на рогот на еден бик. Еден ден, пред да замине, му рекол на бикот дека сега конечно може да се одмори од него.

Бикот му одговорил:

– Не го забележав твоето доаѓање, а нема да го забележам ниту твоето заминување.



# За пишувањето на социјалните мрежи

Во последно време во врска со протестите на незадоволни пензионери околу покачување на пензиите, се забележува на социјалните мрежи, тренд на напаѓање, навредување, критикување... Притоа не станува збор за жестоки дискусии во кои има спротивставени гледишта за проблемот, туку одредени групи станаа вистински извор на гнев и револт што мора да излезе од некаде, па излегува таму.

Иако се знае од каде потекнува гневот и револтот на тие што протестираат загрижува користење на зборови кои несоодвествуваат на тие што ги пишуваат. Просто е неверојатно луѓе со мудрост и искуство да користат такви зборови. Се случува дури и личност којашто е и администратор на групата, во намера да ја исмее и дисквалификува одредена личност која е таргет на настанот, да користи недолични зборови, наместо тој како администратор да го зачува дигнитетот и достоинството на тие со кои се здружил во групата. Ако е целта со одредени квалификации што повеќе некој да биде навреден, тоа не се постигнува, туку само се покажува интелектуален капацитет на тие што пишуваат, а неспорно е дека сето тоа може да се каже на културен цивилизиран начин и можеби уште подобро да се постигне целта.

Факт е дека групите се во рацете на оние кои раководат со нив и почитувањето на правилата значи она што тие сакаат да значи! Но, апсолутно треба да има некакви правила – рамка до која ќе се придржуваат членовите. За жал ова однесување оди многу подалеку дури и од непристојност. Така одредени информации даваат луѓе кои не се квалификувани за одредени прашања или одредена проблематика, и се добиваат погрешни информации, се прави погрешна едукација и се придонесува кон одржување на некој стил на однесување кој би требало да биде демократија, но не е.

Има луѓе и нелуѓе, секогаш и секаде. За жал, некаде преовладуваат или барем се погласни овие вториве, но ги има и другите кои ја одржуваат вербата дека човечноста, одмереноста и доброто однесување, се карактеристики коишто сѐ уште ги красат луѓето, особено повозрасните, помудрите, поискусните... **СЗПМ**

ЗП Пробиштип

# Пензионерите летуваа на јадранскиот брег

Минатата година ЗП Пробиштип организираше седумдневно патување на брегот на Јадранското Море за шеесетина пензионери. По враќањето се прераскажуваше за прекрасните импресии што ги доживеале пензионерите што имале можност да заминат. Тоа беше поттик и годинава здружението да размислува да организира летен одмор за своите членови и тоа токму на минатогодишната дестинација.



И летово во 2 смени, 120 пензионери, летуваа на Јадранско Море. Во првата смена на 7-ми јули заминаа 54 членки на здружението. За ова летување, како што ни рече претседателот на ЗП Пробиштип, Груица Манасијев, пензионерите платиле по 13.300 денари, а им било овозможено од здружението да платат на две рати. Во овој износ, летувачите имале обезбедено превоз, сместување и ноќевање во луксузен хотел со 3 оброци дневно, а во сопствената плажа на хотелот имале можност, за истата цена да користат лежалки и чадори за сонце. Летувањето било во месноста Колавери ресорт во близина на градот Драч. Покрај пензионерите од Пробиштип, во истата смена имало и пензионери уште од неколку здруженија од Македонија, така што имале убави моменти за дружење, за подготвување на културни забави со што си го направиле одморот поинтересен. Во разговор со неколкумина летувачи, ни беше речено дека ова биле денови и летување кои никогаш нема да ги заборават.

– Стекнавме многу нови пријателства, заедно ги подготвуваме забавните вечери, раскажувавме во кое здружение какви активности ин друго. Речиси и не почувствувавме кога поминаа деновите, – ни рече еден летовалците. За да им овозможи и на други од членството да ги доживеат овие летни убавини, ЗП Пробиштип организираше и втора група од 56 пензионери, која замина на 10 август. И во двете смени, пензионерите се задоволни и благодарни на раководството на здружението. **Милевка Здравковска**

ЗП Демир Хисар

# Утринско кафе со директорот на ЈКП „Комуналец" Д. Хисар

Како и многу години наназад, со ЈКП Комуналец Д-Хисар имаме добра и плодна соработка на многу полиња, а посебно околу заедничката грижа и уредување на паркот околу Домот на пензионерите. За реализација на некои идни заеднички проекти, петочното утринско кафе го испивме со младиот и надежен раководител на Комуналец Гоце Мицковски. На неформалната средба договоривме неколку заеднички работни активности, затоа што Општина Демир Хисар и ЈКП Комуналец секогаш излегуваат во пресрет на барањата на пензионерите. Директорот Мицковски ја истакна потребата од помасовно вклучување на пензионерите со идеи и предлози во активностите за хортикултурно и партерно уредување на сите пензионерски места за дружење и меѓу другото истакна:



– Здружението на пензионери Демир Хисар е еден од оние правни чинители во нашата општина со кои сите активности ги спроведуваме беспрекорно и секогаш на време и се надеваме дека соработката ќе продолжи обострано и истата ќе се развива. Излегуваме во пресрет буквално на сите нивни барања и потреби, секако кои се од доменот на нашиот делокруг на работа. А кога сме на оваа тема, морам да спомнам дека од претседателот на ЗП Демир Хисар Кирило има што да се научи, затоа што неговиот ентузијазам, амбиции и борбата за создавање на што подобри услови за живот и активности на пензионерите во Демир Хисар навистина е за респект. Му посакувам добро здравје на него и на сите пензионери, уште долги години да ја користат заслужената пензија и да уживаат во придобивките што ги носи третата доба. Преку нивното богато животно искуство, кое претставува непроценливо богатство, активно да се вклучат во работата на нашата организација со свои идеи и предлози – ни рече Мицковски.

Од друга страна, претседателот Блажевски посебно ја истакна одличната соработка со ЈКП Комуналец, со тенденција истата да се продлабочува, а се во интерес на пензионерите. **Зоран Стевановски**

# Право на надомест на трошоци за купени лекови од Листата на лекови

Правото на надомест на трошоците за купени лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот осигуреното лице може да го оствари со поднесување барање за надомест (рефундација) на средства за лекови – Образец Р2.

Барањето може да се поднесе:

1. За лекови кои се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита (за осигурени лица кои во периодот на користењето на здравствената услуга имаат платено придонес за задолжително здравствено осигурување), се поднесуваат следните документи:

– рецепт на рецептен образец утврден од страна на ФЗОМ, за лек препишан од избран лекар, лекар замена, дежурен лекар, рурален лекар;

– извештај од лекар специјалист, односно супспецијалист или отпусно писмо од здравствена установа со која ФЗОМ има склучено договор, кога лекот е препорачан за понатамошно лекување во домашни услови, односно конзилијарно мислење за лекови, во согласност со режимот на препишување на лековите од Листата на лекови, ако станува збор за лек утврден со Одлуката за скапи лекови од Листата на лекови што се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита;

– 3 потврди за дефицитарност на лекот од различни аптеки со кои ФЗОМ има склучено договор, со исклучок за оние населени места со помалку од три различни аптеки, каде што бројот на потврдите може да биде помал од три;

– оригинал и копија од фискалната сметка од аптеката која го издала лекот, а со која ФЗОМ има склучено договор и

– доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето.

2. За лекови кои се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита (за осигурени лица кои во периодот на користењето на здравствената услуга немаат платено придонес за задолжително здравствено осигурување), се поднесуваат истите документи како што важат под точка 1, со исклучок на дефицитарните потврди.

3. За лекови во ампуларна форма, кои се дел од задолжителната и ургентната ампуларна терапија која треба да ја поседува здравствената установа од примарната здравствена заштита со договор со ФЗОМ и која му е аплицирана на осигуреното лице од страна на избраниот лекар или лекарот замена, се поднесуваат следните документи:

– налог или рецепт со препишана терапија со потврда за апликација на лекот од здравствена установа со која Фондот има склучено договор;

– фискална сметка од аптеката која го издала лекот во оригинал и копија;

– доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето.

4. За лекови за болничка здравствена заштита се поднесуваат следните документи:

– извештај од специјалист/супспецијалист или отпусно писмо од здравствена установа со која ФЗОМ има склучено договор, со назначена терапија, која осигуреното лице ја набавило со сопствени средства;

– конзилијарно мислење од здравствена установа со која ФЗОМ има склучено договор, доколку е потребно, во согласност со режимот на препишување на лекот утврден во Листата на лекови;

– потврда за апликација на лекот, ако се работи за лек во ампуларна форма, од здравствена установа со која ФЗОМ има склучено договор, која треба да содржи и: (1) во периодот на хоспитализација датум/период на апликација, факсимил и потпис на лекарот и печат на здравствената установа; или (2) вон периодот на хоспитализација датум/период на апликација, потпис на осигуреното лице, потпис и факсимил на лекарот и печат на здравствената установа;

– фискална сметка од аптеката која го издала лекот во оригинал и копија или фактура (оригинал) со доказ за плаќање;

– доказ за трансакциска сметка на подносителот на барањето.

5. За лекови набавени со сопствени средства на осигуреното лице во странски земји се приложува:

– документацијата наведена во точка 1 ако се работи за таков вид на лекови;

– документацијата наведена во точка 2 ако се работи за таков вид на лекови;

– документацијата наведена во точка 3 ако се работи за таков вид на лекови;

– документацијата наведена во точка 4 ако се работи за таков вид на лекови.

Независно од видот на поднесената документација, секој документ од соодветните точки, вклучувајќи ја фискалната сметка или фактурата со доказот за плаќање, треба да биде преведен на македонски јазик од овластен судски преведувач. **К.С.А.**

Тетово – Самостојна изложба на пензионерот Ѓоко Симјаноски

# Го сакам Охрид... ама го љубим Тетоо"

Ликовни дела изработени во сув пастел, ја сочинуваа самостојната изложба на пензионерот Ѓоко Симјаноски, поставена во големиот салон на Музејот од тетовскиот крај во Тетово, пред голем број поклоници на ликовната уметност, роднини и пријатели од градот под





Шара, од каде што потекнува мајката на уметникот, беа изложени 45 ликовни дела, од кои 14 беа од тетовскиот, а останатите од охридскиот крај.

„Изложбата евоцира спомени, потсетува на убави мигови, оживува случки и настани, а се тоа го прави на ненаметлив, а сепак природен и привлечен начин – какви што се и боите и техниката – пастели и нежни, воедно живи и колоритни", рече Марко Видачек на отворањето на изложбата.

Делата претставуваат сторија која гледачкото око ќе го „нурне" во длабочините на историјата и несекојдневието. Уметничката целина која ќе го одведе низ тетовските и охридските калдрмисани сокаци и улици, создавајќи природен приказ за градовите какви што се – или какви што сѐ помалку потсетуваат. За тетовската јавност изложбата на едно место собира повеќе култни простори, но и не толку откриени, слики кои сами по себе кријат своја приказна која чека да биде истражена и откриена. Заедно се прикажани црквата „Св. Богородица" која на почетокот ја носи и додавката „Тетовска", со далеку познатата и репрезентативна Шарена Џамија, соборниот храм Св. Кирил и Методиј и многу други изданија кои имаат оставено белег во животот на овој град. Од друга страна одбележуваат епохи на древниот Охрид и неговата богата историја.

„Го сакам Охрид... ама го љубим Тетоо" е називот на изложбата, која на невообичаен начин ги поврзува Охрид и Тетово, приказна за Охрид, балканскиот Ерусалим и Тетово „мал Париз" изложбата прави потсетник на двата ридести градови опеани во многу песни и за Билјана и за Трпана, за Охридското Езеро и Шар Планина.

Инаку, авторот на оваа изложба е роден 1947 година во Скопје, по професија е електроинженер, по мајка тетовец по татко охриѓанец, вљубеник во сликарството, филмот, радиото и фотографијата. Пензиониран во 2011 година како електроинженер во Заводот за урбанизам и архитектура. Прва самостојна изложба имал во 1997 во Охрид, потоа и во Кичево. Учествувал на повеќе групни изложби.

„Сега како пензионер имам време на претек да се занимавам со мојата втора дејност – ликовното творештво", ни рече во разговорот Ѓоко Симјаноски.

**Гојко Ефтоски**

## ИН МЕМОРИАМ Методија Новковски



Методија Новковски беше еден од најактивните пензионерски активисти и пензионерски раководители кој даде голем придонес во пензионерското организирање во нашата земја. Новковски беше два мандата претседател на здружението на пензионери Ѓорче Петров и еден мандат претседател на Сојузот на пензионери на град Скопје. Тој е заслужен за афирмација на здружението во Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија и пошироко.

Додека беше претседател на ЗП Ѓорче Петров, во тој временски период се случуваат повеќе активности, се формираат разграноци на територијата на Општина Ѓорче Петров и се отвораат клубови. Воедно, започнува и соработката со Општина Ѓорче Петров, како резултат на што Здружението добива простории во урбаните месни заедници за отворање на клубови. Една од неговите заслуги е и спојувањето на ЗП Ѓорче Петров со другото паралелно здружение, после кое активностите беа уште побогати. Во негово време ЗП Ѓорче Петров имаше и многу успешен настап во Љубљана на Меѓународниот фестивал на трета животна доба, а ЗП Ѓорче Петров беше домаќин на регионалните ревии на песни, музика и игри и на регионалните и републичките спортски натпревари, но и на една Републичка спортска олимпијада во организација на СЗПМ. Постигањата и сеќавањата на Методија Новковски се убави и за почит.

**СЗПМ**